Билјана Шотаровска
Татјана Ѓеоргиевска

# ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ

## за 8 одделение

Скопје 2019

**Издавач:**
Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија

**Автори:**
Билјана Синадиновска Шотаровска
Татјана Ѓеоргиевска

**Рецензенти:**
д-р Сузана Симоновска
Симона Петковска Илиеска
Снежана Брзовска

**Јазичен лектор:**
м-р Марија Иванова

**Графичко и ликовно обликување**
КОНТУРА, Скопје

**Тираж:**

Со одлука за одобрување на учебникот по предметот Граѓанско образование, VIII одд бр.26-441/1 од 26.2.2020 година донесена од Националната комисија за учебници.

Билјана Шотаровска
Татјана Ѓеоргиевска

# ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ

## за 8 одделение



Скопје 2019

# СОДРЖИНА

**ТЕМА 1**
**ПРЕТСТАВА ЗА СЕБЕ КАКО ГРАЃАНИН** [8-23]
- Личен и групен идентитет
- Лични и групни карактеристики

**ТЕМА 2**
**СОРАБОТКА И ПОВРЗАНОСТ ВО ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО** [24-41]
- Сличности и разлики меѓу луѓето во граѓанското општество
- Припадност кон заедницата
- Соработка и поврзаност во заедницата

**ТЕМА 3**
**ГРАЃАНИНОТ И ОПШТЕСТВОТО** [42-69]
- Улогата на граѓанинот во општеството
- Развој на човековите права
- Видови права и одговорности
- Правата на детето
- Стереотипи, предрасуди и дискриминација

**ТЕМА 4**
**РЕЛИГИЈАТА, УМЕТНОСТА И МЕДИУМИТЕ ВО ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО** [70-89]
- Религијата во општеството
- Уметноста во граѓанското општество
- Улогата на медиумите во демократското општество

**ТЕМА 5**
**ГРАЃАНИНОТ И ДРЖАВАТА** [90-107]
- Општествено и државно уредување
- Власта во функција на граѓаните
- Како е организирана власта во нашата држава

**ТЕМА 6**
**ГРАЃАНИНОТ И СВЕТОТ** [108-119]
- Меѓународни организации
- Република Северна Македонија и меѓународните организации

# КАКО СЕ КОРИСТИ УЧЕБНИКОТ

Наставна тема




Знаење коешто ќе го стекнете со темата

Активности за темата



Лекција од темата

Главен текст



Легенда за слика

Слика од темата

 Групна работа

 Работа во парови

 Индивидуална работа

Прочитајте, размислете и разговарајте!




Поими од темата



Активности за критичко размислување



Прашања од темата

# ВОВЕД

Драги ученици,

На часовите по Граѓанско образование ќе имате можност, преку овој учебник, да ги истражувате темите предвидени за 8 одделение во основното образование. Се надеваме дека учебникот ќе ве инспирира критички да размислувате и решавате проблеми за важни теми од нашето секојдневие. На почетокот, ќе се запознаете со тоа што е личен идентитет, како се гради низ животот и кои се карактеристиките на личниот и групниот идентитет. Понатаму, ќе откривате што е тоа заедница и како луѓето соработуваат и се поврзани во заедницата. Ќе се стекнете со знаења за различни видови на култури како основа за мултикултурните општества и како да развивате вредности кои ќе се темелат на ненасилство, толеранција и соживот. Развивајќи позитивни ставови кон различностите и прифаќањето, вклучувањето и почитувањето на човековите права, ќе разберете како функционира граѓанското општество. Ќе научите кои се вашите права и одговорности, како може да реагирате доколку некое право ви е прекршено и кој треба да ве заштити од дискриминација. Сметаме дека е многу важно младите да се вклучат во откривање на проблемите во нивното училиште и средината каде што живееат за да ги надминат предизвиците и да создадат подобар и поквалитетен живот. Целта на овој учебник е да ви помогне да бидете информирани, активни и одговорни граѓани. Да развивате вредности како што се рамноправност, праведност и почитување на човековите права. Нашата заложба е да ги прифатите овие вредности и да станете одговорни и активни членови на граѓанското општество, да се борите против неправдата и секогаш да ја избирате вистинската страна, што подразбира сузбивање на стереотипите и предрасудите. Да имате широки погледи на светот, без омраза и дискриминација. Почитувањето на себе и другите е основен и важен услов во унапредувањето на човековите права. Стекнатите знаења за вредностите на демократијата, ќе ве инспирираат да создавате уметнички дела со што ќе ја разбудите свесноста на пошироката јавност за надминување на одредени аномалии во општествениот живот. Преку медиумската писменост, ќе се оспособите да ја препознаете медиумска манипулација и да ги селектирате информациите. Учебникот ќе ви даде поттик критички да се осврнувате и ја анализирате работата на власта. Ќе ве поттикне да ги примените знаењата преку учество во локални, но и меѓународни проекти поврзани со образовниот и младинскиот активизам, воопшто.

**Од авторите**

# ПРЕТСТАВА ЗА СЕБЕ КАКО ГРАЃАНИН

- ЛИЧЕН И ГРУПЕН ИДЕНТИТЕТ
- ЛИЧНИ И ЗАЕДНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ



## ПРЕГЛЕД НА ТЕМАТА

По завршувањето на оваа тема ќе се оспособиш да:

- ги наброиш видовите на идентитети и да објасниш дека врз идентитетот влијаат заемно поврзани фактори од секојдневниот живот;
- ги анализираш критички различните влијанија врз формирањето на нечие мислење, однесување, облекување и сл.;
- дискутираш слободно за својот идентитет;
- ги препознаваш сличностите и разликите што ги имаш со поединеци или со групи на кои им припаѓаш;
- ги анализираш и вреднуваш сопствените особини во конкретни ситуации;
- ги објаснуваш и поврзуваш сопствените особини со однесувањето во различен граѓански контекст.

# TEMA 1



# ЛИЧЕН И ГРУПЕН ИДЕНТИТЕТ


*Тоше Проески*


*Мајка Тереза*

Размисли за овие личности и опиши ги со 10 зборови! Зошто се значајни за човештвото?

- Со кои зборови би се опишал себеси?
- Кои зборови ги користат другите за да те опишат тебе?

Во оваа лекција ќе го истражуваме поимот **идентитет.** Малку подобро ќе се запознаеме со тоа како се гради **личниот идентитет** и од што се состои.



Користи ја техниката „мисловна мапа“

*„Кој сум јас?“; „Што сакам и што не сакам?“; „Каков сум јас?“; „Што знам и што можам да направам?“* ↓

*Ова се прашања коишто сите ние самите на себе си ги поставуваме во одредено време од нашиот живот.*


*Тоа што ти мислиш дека си, тоа е твојот идентитет.*

## ШТО Е ИДЕНТИТЕТ?

Поимот идентитет денес е често употребуван поим во секојдневната комуникација. **Идентитетот** е општ поим не само поради широката употреба, туку и поради широкото значење кое му се придава. Така, на пример се зборува за идентитет на поединецот, на народот, на градот, на државата.

Вообичаено, учениците на почетокот од учебната година при запознавањето со новите наставници се претставуваат себеси. При претставувањето си ги поставуваат следниве прашања: Како да се претставам себеси? Кои особини и обележја да ги истакнам за да се претставам себеси? Дали најпрвин треба да го кажам своето име и презиме, каде и кога сум роден/а, каде учам, во кој град живеам, од која националност сум, на јазик зборувам и што највеќе сакам да правам, а што не сакам? Како и да почнеме во опишувањето на себеси, нема да погрешиме, секоја личност одбира што е тоа што сака да го истакне за себе.

*Митот за Тезеј*


*Бродот на Тезеј*

*Откако Тезеј се вратил од Крит каде го убил страшниот Минотаур, во Атена е пречекан како голем херој, а неговиот брод е чуван како спомен на херојскиот потфат. Како минувале годините, деловите од бродот гниеле и било потребно да се заменат со нови делови. Така штица по штица се заменувале дрвените штици на бродот со нови. По подолго време биле заменети сите дрвени штици, како и други делови од бродот со нови. Се поставува прашањето: Дали воопшто може бродот на Тезеј сè уште да се смета за истиот брод? За загатката да биде уште поинтересна во 16 век еден голем англиски филозоф Томас Хобс го дополнил ова размислување со ставот дека ако некој ги сочувал старите заменети делови и од нив состави брод, дали можеби и тој брод ќе биде вистинскиот брод на Тезеј? Постојат повеќе начини како во филозофијата се пристапува кон овој парадокс или загатка. Во зависност од тоа како се разбира идентитетот, може да се рече дека ниеден брод не е бродот на Тезеј. Првиот брод не е истиот, бидејќи сите негови делови се нови. Но, и вториот брод не е Тезеевиот брод, бидејќи тој никогаш не стапнал на него, ниту пловел со него. Постојат мислења дека и двата брода би биле на Тезеј, првиот брод, бидејќи на старата конструкција се додадени само нови делови, а и вториот е негов бидејќи оригиналните делови се наоѓаат на него. Или, пак, само еден брод може да биде вистинскиот? Што мислиш ти?*

Некои свои особини или карактеристики нема да ги истакнеме зашто сметаме дека тоа е наша приватност, некои свои карактеристики ќе ги споделиме, без да се срамиме да го кажеме тоа на другите, а на некои особини сме особено горди.

Кои се тие карактеристики коишто најчесто ги истакнуваме? За себе велиме дека сме, на пример, ученик/чка, син или ќерка, брат, сестра или единец. Може да се идентификуваме и преку годините на возраст, националноста, културата на која припаѓаме, религијата, или да се претставиме преку некои свои особини како што се дружељубивоста, спортскиот дух, љубопитноста, правдољубивоста, искреноста, слободољубивоста и многу други особини. Во зависност од тоа секој на свој начин се доживува себеси, кои вредности ги усвојува и сака да ги вгради во својата личност. Навидум, идентитетските карактеристики ги истакнуваат само разликите помеѓу нас, но, дали е така?


„*Спознај се себеси*“- Сократ

***- Како ја толкувате познатата изрека на Сократ?***

Од искажувањата на различни ученици во одделението и училиштето, би се стекнал впечаток дека тие имаат и многу сличности.

На пример, некои од нив веројатно споделуваат ист национален, културен, верски, генерациски или етнички идентитет, или, пронаоѓаат заеднички карактеристики во тоа дека го сакаат спортот, сакаат да патуваат и да откриваат нови места, да бидаат искрени, да не прават неправда, да се борат за слобода на мислење и прифаќање во средината каде што живеат.



*Луѓе со различни идентитети*

## КАКО СЕ ГРАДИ ИДЕНТИТЕТОТ

Се прашуваме како одредени карактеристики ги сметаме за најважни, некои за помалку важни, а некои за сосема неважни за да го опишеме својот идентитет? Зошто, да речеме, токму прифаќањето ми е важно, другарството ми е најважно или почитувањето на родителите/старателите, а не нешто друго, и како избрав тоа да ми биде најважно?

Вредностите со кои се стекнува детето во најраната возраст произлегуваат од возрасните со кои расте. Исто така, покрај родителите/старателите, во определувањето на важноста на одредени идентитетски обележја можат да влијаат другарите, врсниците, па и наставниците. На идентитетот влијаат и многу други фактори: полот, физичкиот изглед, образованието, книгите кои сме ги прочитале, филмовите кои сме ги гледале. Во денешно време огромно е влијанието на медиумите, особено на социјалните мрежи.

Во одреден период од животот различни работи ни се важни. Кога сме помали, важно ни е да си играме и да бидеме во светот на бајките, опкружени со јунаците од приказните. Кога стануваме поголеми, таа улога ја има успехот во училиштето, подоцна ни е многу важно друштвото, другарите и другарките со кои го поминуваме поголемиот дел од денот. Така, важноста на одредени особини на идентитетот, се менуваат зависно од возраста, потребите и очекувањата кои ги имаме.

Што е тогаш тоа за што можеме да речеме дека ние сме истите личности сега како и пред пет години? *Тоа е самосвеста, сопствениот внатрешен живот, чувството за себеси, нешта коишто ни го овозможуваат континуитетот на личноста и нашата посебност или* ***личниот идентитет.*** Идентитет на човекот се гради низ процесот на растење и созревање.

Човекот, креирајќи ја својата личност неминовно поминува низ бројни лични искуства и во односите со другите луѓе открива што му годи, а што му пречи, што му е повеќе, а што помалку важно, се осознава себе си и на тој начин го гради својот идентитет.



*Опиши ги бебињата на даденава фотографија!*



*Опиши ги луѓево дадени на фотографиите!*

- Што ти помогна да ги опишеш бебињата?
- Зошто можеш да издвоиш повеќе особености за возрасните?
- Кои се промените коишто настануваат додека се расте?
- Кои особености/карактеристики остануваат исти?

На пример, главна тема на приказната: „Пинокио“ е развојот и созревањето на личноста, но и патот којшто личноста мора да го помине за да излезе од злото и да се насочи кон доброто. Пинокио, најпрво е лоша дрвена кукла која е под негативни влијанија, а сепак, на крајот, станува добро момче.

*Прочитајте, размислете и разговарајте!*

„Некогаш, стариот столар Џепето направил дрвена кукла и ја нарекол Пинокио. Џепето го погледна Пинокио, го обзеде тага бидејќи немаше деца и ѝ рече на куклата:

- О, Пинокио, да беше вистинско момче... Тоа го слушна добрата самовила, дојде до Џепето, па му рече:
- Мој добар Џепето, многу луѓе усреќивте, а сега јас ќе Ве направам среќен ...

Вилата се насмевна и ја допре куклата со своето магично стапче:

- Разбуди се, Пинокио, ти подарувам живот!

И, ете, Пинокио веднаш скокна на нозе, а самовилата му рече:

- Запомни Пинокио, ако си храбар, искрен и несебичен, еден ден ќе станеш вистинско момче.

Тогаш самовилата се сврте кон штурецот и му довери важна задача:

- Ти си мудар! Те задолжувам да му помогнеш на Пинокио во расудувањето што е добро, а што е зло.“

*Извадок од „Пинокио“ - Карло Колоди*



- Какво е влијанието на Џепето, самовилата и штурецот врз градењето на идентитетот на Пинокио?

Нашиот идентитет е составен од лични особини, но и од нашата претстава за себеси. Таа претстава ја градиме низ целиот живот, особено во детството и младоста. *Идентитетот* се гради преку голем број искуства, односи со семејството, заедницата.



*Луѓето во периодот на Ренесансата го сокривале својот идентитет зад некоја маска, приредувале балови под маски и се облекувале сосема поинаку од вообичаено сѐ со цел да пратат порака или барем за миг да „влезат“ во некоја друга личност.*



*Жорж Санд 1804 – 1876, француска писателка, творела под псевдоним*

*Жените во минатото се потпишувале со машко име, сокривајќи го идентитетот, затоа што општеството не поддржувало жени писателки*



*Илустрација на група млади*

Градењето на идентитетот можеме да го споредиме со театарска претстава. На почетокот од претставата, како и на почетокот од животот на човекот, не знаеме ништо за идентитетот на личноста, но подоцна следејќи ги дејствијата и постапките на глумецот кој ја игра улогата, откриваме особини на личноста, како и со каква цел го гради својот идентитет. Во претставата режисерот ги дели улогите и ги става во меѓусебни односи ликовите во драмата со цел да прикаже некоја важна животна ситуација, да претстави некој настан. Во животот, режисери на улогите кои ги одбираме за себе, сме ние самите.

Ние одлучуваме како ќе се развиваме и како ќе се претставиме во своето опкружување. Треба многу внимателно да ги градиме особините на својата личност, за да не се случи да не можеме да ги исполниме очекувањата или обврските кои ни ги носи одредена улога што сме ја одбрале. Каков избор ќе направи ученикот/чката ако го избере средното училиште според одлуката на другарите/ките?

Какви ќе бидат шансите за успех ако ученикот/чката учи во балетско училиште и не присуствува на балетски проби? Ученикот кој сака да учи за фризер се срами да се запише во средно стручно училиште, бидејќи постои погрешно мислење дека таму се запишуваат слаби ученици и одбира да се запише во гимназија. Дали и како неговата одлука ќе влијае во иднина врз формирањето на неговиот професионален идентитет?

Личниот идентитет е во директна врска со **групниот идентитет**, а заедништвото е една од основните карактеристики на секој човек. Со оглед на тоа дека сме дел од заедницата, важно е да знаеме за своите улоги во различни видови на заедници. Најпрвин се гледаме себеси како дел од семејната заедница, што значи се идентификуваме со семејството и го доживуваме како „ние“, односно како дел од себе и „јас“ како дел од семејството. Потоа, во градинката и училиштето го прошируваме својот круг на блиски луѓе со кои градиме пријателства. Овие заедници, исто така, ги доживуваме како „ние“. На пример, велиме нашата група, нашето одделение, нашиот тим, нашето училиште. Како растеме, така ги прошируваме сопствените интереси и стануваме дел од многу групи: членови сме на спортски клубови, драмски секции, фотографски секции, извидници, хор, оркестар итн. Исто така, можеме да бидеме поврзани со другите и преку членување во различни здруженија,

како на пример, здруженија за заштита на животните, природата, правата на детето и др. Секогаш кога велиме „ние“, всушност, мислиме на групата или заедницата на којашто припаѓаме, а тоа значи дека во таа група се препознаваме и се идентификуваме со неа.

*Чувството на посебност и припадност кон некоја група и прифаќање на она што неа ја издвојува од другите го означува групниот идентитет.* Кога се идентификуваме со групата, наместо да размислуваме со „јас“ или „себе“, мислиме, чувствуваме и делуваме со „ние“ или „нас“.



*Си поставуваме прашања за улогите кои ни ги наметнува општеството*

## РОДОВ ИДЕНТИТЕТ

Родовата рамноправност значи дека мажите и жените во општеството имаат еднаква можност и право да се реализираат, согласно нивните желби, интереси и потреби. Ова, значи дека не треба да има „машки и женски“ улоги во општеството, а родителите/старателите подеднакво треба да се грижат за семејството, без да постојат работи кои „мама“ или „тато“ ги работи во домот.

Во традиционалните општества, многу често е наметната улогата на машките деца дека тие треба си играат со автомобили, фудбал, додека девојчињата треба си играат со кукли или да одат на балет. Исто така, од жените се очекува дека треба да зготват ручек или да се грижат за домот, од мажите се очекува да ја поправат чешмата или да го искосат дворот. Овие поделби се длабоко вкоренети во традицијата и обичаите на повеќето култури и го одразуваат односот кон половите во тоа општество. А, дали треба да е така? Жените може да се добри инженери, научници и мажите може да се добри негуватели на деца или учители. На овој начин, мажите и жените излегуваат од рамките на родовите улоги кои им ги задало општеството.

Полот и половите разлики се однесуваат на она, според што биолошки се разликуваат девојчињата и момчињата, жените и мажите. Родот и родовите разлики се однесуваат на тоа како општеството ја одредува улогата на девојчињата и момчињата, жените и мажите. Определбата, што ќе работиш или што те интересира, не треба да зависи од тоа што општеството очекува од тебе, туку што ти сакаш и си одлучил/а да правиш, создавајќи сопствен родов идентитет.



*Знакот за машко и женско*

*Пример:*

*Ако погледнеме во рекламите и како тие ја прикажуваат работата на мажите и жените, сигурно ќе забележиме дека детергентите за перење често се рекламираат со прикажување на жена како задолжена за перењето алишта. Тоа е последица на очекувањата од општеството дека домашните работи се должност на жената. Сепак, рекламите, исто така, можат да го променат очекуваното мислење. Некои реклами се снимени со мажи како перат алишта. Ова е само мал показател и обид да се придонесе за разбивање на ставовите дека перењето е обврска само на жените. Тоа, секако, може да се направи и на други начини. Рекламирањето е само еден пример.*

*Пронајдете примери во медиумите за родово нетипични улоги!*

## НАЦИОНАЛЕН ИДЕНТИТЕТ

Припадноста кон определена држава или нација го определува националниот идентитет на граѓаните. Националниот идентитет претставува вид на **групен идентитет**, кој произлегува од чувството на припадност на некоја држава во која е можно да живеат повеќе етнички групи. Граѓанинот развива чувство на припадност кон сопствената држава, кон вредностите што таа ги промовира и кон другите граѓани што живеат во неа и ги споделуваат тие вредности.



*Фудбалска национална репрезентација на РС Македонија*







*Народни носии од повеќе етнички заедници во РСМ.*

## ЕТНИЧКИ ИДЕНТИТЕТ

Етничкиот идентитет е многу сроден со националниот идентитет. И тој го одредува потеклото, односно на кој народ или етничка група припаѓа личноста. Во нашата држава живеат различни етнички групи, затоа граѓаните, според етничкиот идентитет, можат да бидат: Македонци, Албанци, Роми, Срби, Власи, Турци, Бошњаци или од некое друго етничко потекло.

## ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ

**Активност 1:**

- Определи кои од наведените особености/карактеристики на идентитетот, со текот на време, остануваат исти, а кои се менуваат!?
- Размисли кои од овие особености/карактеристики во моментот се најтипични во определувањето на твојот идентитет и размисли дали тие ќе имаат иста важност и по 5 години!?

- возраста;
- полот;
- името и презимето;
- изгледот - физичките карактеристики (висина, тежина, боја на косата...);
- семејството;
- националност;
- религијата;
- училиштето;
- професијата.

- пријателите;
- карактеристиките на личноста;
- однесувањето;
- вашето хоби, интересите;
- животниот стил;
- вредностите и целите;
- времето во кое живеете;
- местото во кое живеете.

**Активност 2:**

Наша карта!

Направете заеднички мозаик, слика за вашето одделение!

Започнете со наслов: „Кога ќе кажеме ние мислиме на...?“

Изразете се преку цртеж, стихови, фотографии за различни групни идентитети, на пр.: родов идентитет, етнички, национален, религиозен идентитет и др., и склопете го мозаикот!

Вашиот проект изложете го на видно место во училиштето.



# ЛИЧНИ И ЗАЕДНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

- Дали е важно да ги запознаеме другите луѓе?
- Дали можеме да најдеме работи што ни се заеднички?

*„Идентитетот не може да се најде или измисли, туку излегува однатре.“*
Даг Купер



*Врз основа на идентитетот, ние ја избираме облеката, музиката која ја сакаме, нашето хоби, слободните активности и пријателите*

Луѓето имаат заеднички **карактеристики** кои ги поврзуваат меѓусебно, но и карактеристики кои ги прават посебни и единствени. Доколку погледнеме наоколу во околината каде живееме, ние ќе забележиме дека секој од нас е посебен на некој начин. Тоа што луѓето ги прави посебни се нивните интереси, вкусови, навики, способности, начин на однесување и др. Овие наши разлики придонесуваат меѓусебно да се надоградуваме, да учиме и откриваме нови работи, да се надополнуваме едни со други и да соработуваме.

Таа наша поврзаност е наше богатство!

Патот на личноста низ животот, нејзината посебност, но истовремено и сличноста со другите луѓе, води кон дефинирање на нејзиниот идентитет.

Тој процес се вика самоидентификување. Желбата на секој еден од нас е да се оствари во својата средина, а да го зачува своето „јас“. За да успее во својата намера, да се развива и изградува личноста, треба да се има сознанија што другите мислат за да може подобро да ги разбере сопствените постапки и последиците кои произлегуваат од определени постапки.

Не е доволно само тоа што ние мислиме за себе, туку како нè вреднуваат и другите луѓе, за да го разбереме подобро сопственото однесување и последиците што тоа ги остава врз другите и како можеме да ги менуваме лошите навики.

На пример, ако родителите/старателите или наставниците ни веруваат дека сами ги исполнуваме обврските во училиштето, а всушност, нам другарот ни ја пишува домашната или ја препишуваме од него. Ако тоа често се повторува, ние развиваме особини на нечесност и неодговорност. Доколку другарите ни посочат мислење да не го правиме тоа бидејќи тие ја губат довербата во нас, тоа мислење ќе ни помогне да сфатиме каде грешиме. Треба да се поправиме за да повторно ја стекнеме довербата на своите другари и да ја сочуваме довербата на родителите.

*Прочитајте, размислете и разговарајте!*



Разгледај ја сликата и размисли: Дали сите ние имаме исти карактеристики? Постојат ли разлики помеѓу луѓето? Наведи аргументи за твоето размислување.

Разбирањето на идентитетот ѝ помага на личноста подобро да ги вреднува и изрази сопствените особини, не само како поединец, туку и како дел од групата: во училиштето, во различни врснички групи, спортски екипи, бендови, гејмери, навивачки групи и слично. Секој од нас се соочува со успеси, но и со потешкотии во дадени ситуации. Со изразувањето на карактеристиките, како што се грижливост и одговорност, чесност, трудољубивост, хуманост, личноста придонесува кон збогатување на заедницата и ветува учество во градењето на заедничка иднина.

На разликите кои постојат помеѓу нас, секогаш треба да гледаме како на предност или можност да откриваме многу нови нешта едни за други.

На разликите, никогаш не треба да гледаме како на некој критериум по кој ние се издвојуваме и сме повеќе важни од различните од нас. Постои опасност, кога се откриваат идентитетските разлики, да се стават во нерамноправна положба некои поединци или групи на луѓе.



*Прифаќање на различностите*

На пример, поради некои случајни карактеристики кои се дел од нивниот идентитет, направени се големи неправди и предизвикани се големи трагедии. Поради бојата на кожата, религијата или националноста биле извршени прогонувања и поробувања на многу луѓе и народи.

Сите луѓе со својата комбинација на карактеристики, што се однесуваат на способностите, мислењето, уверувањата, потребите, интересите, придонесуваат кон збогатување на заедницата.

Затоа, прифаќањето на **различноста** и правото на еднаковост на сите луѓе се темелот за создавање на праведно општество.

„Обединети во различноста“ е слоганот на сите модерни демократски општества или заедници, токму поради прифаќањето на еднаквоста како универзална вредност и можност сите луѓе да се чувствуваат прифатени и почитувани во светот којшто заеднички го градат. Оваа потреба од прифаќање и меѓусебно почитување се нарекува достоинство и секој човек има потреба и право на достоинствен живот.

Покрај разликите, луѓето имаат и голем број **сличности**. Некои луѓе иако живеат во различни услови и средини може, да имаат ист интерес или хоби. Сите ние имаме потреби за безбедност, почитување, пријателство, љубов, игра, забава, самоостварување. Заедничко ни е развивавањето на особини, интереси, навики, вредности и релации со другите луѓе. Постојат ситуации кога своите особини на кои сме особено горди, треба да ги истакнеме, за да бидеме пример на другите да се охрабрат, да ги искажат своите мислења и да се запознае јавноста со некој проблем кој ги засега граѓаните. Такви особини се: храброста и одлучноста да го изнесеме сопственото мислење, или ставот на групата и со аргументи и докази да се бориме за правичност и еднаквост.

Да бидеме гласот на „бесчујните“, оние кои се на работ/маргините од општествениот живот. Да пишуваме во јавноста, да бараме поддршка од институциите. Секој граѓанин има обврска да реагира, да им даде сигнал на одговорните инстутиции, за да нема деца на улиците,  да нема деца и возрасни питачи, деца гладни, деца без покрив над глава или деца чијшто труд се искористува од страна на неодговорни и несовесни поединци. Важно е поединецот, покрај личните,  да развива и заеднички карактеристики кои обединуваат и да се остварат крупни заеднички цели кои се од општо добро за сите граѓани.

## ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ

**Активност 1:**

Размисли за некој проблем надвор од училиштето (загадувањето, сиромаштијата, пристапноста за луѓето со посебни потреби). Каде и како може твоите лични особини да се од помош? Што можеш да сториш за будење на свесноста на пошироката јавност и активирање на граѓанското општество?

**Активност 2:**

- Погоди кој е?
  - Напиши на еден лист нешто за себе според долунаведеното, а потоа измешајте ги ливчињата и извлечете по едно ливче. Дали ќе успееш да откриеш за кого станува збор?
    - Пол (машко или женско):
    - Возраст:
    - Омилено хоби:
    - Омилена ТВ-програма:
    - Омилена храна:
    - Боја на коса:
    - Националност:
    - Првата и последната буква на твоето име:

**Активност 3:**

Откриј кои сличности, а кои разлики ги имате со поединци или групи на коишто им припаѓаш?

Седни до некого до кого обично не седиш. Имате 2 мин да си споделите 3 работи коишто не ви се заеднички. А, потоа променете го местото и направете го истото со друг соученик. Повторете ја активноста, наоѓајќи ги нештата што ви се заеднички.

- Што можете да воочите?

## АКТИВНОСТИ ЗА КРИТИЧКО РАЗМИСЛУВАЊЕ И РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИ

**Активност 1:**

- Наведи некои карактеристики што не ти се допаѓаат кај себеси, коишто можеби сакаш да ги промениш за да се вклопиш во групата? Наведи зошто би го направил тоа?

**Активност 2:**

- Дискутирајте за јаките страни и предностите на тоа кога различните способности и карактеристики на поединците ќе се обединат? Што мислиш дали ќе има поголем или помал ефект во остварување на некој проблем во заедницата?

## ПРАШАЊА ОД ТЕМАТА:

- Што може да го сочинува идентитетот на личноста?
- Кои фактори влијаат на личниот идентитет?
- Кои се менливи, а кои неменливи делови на идентитетот?
- Кои се карактеристиките на личниот, а кои на групниот идентитет?
- Дали во македонското општество живеат различни етнички заедници?
- Како се нарекуваат улогите кои ни ги одредува општеството за момчињата и девојчињата?
- Чии мислења и верувања имаат најголемо влијание врз формирањето на твојот идентитет?
- Кои дилеми се јавуваат кај тебе кога другите те гледаат поинаку од она какосамиот се гледаш себеси?
- Дали некои аспекти од твојот идентитет ги чуваш во тајност за да бидеш прифатен од другите?

## ПОИМИ:

**Идентитет** – особина или својство на нешто/некого со којашто се изделува и се разликува од другите.

**Групен идентитет** - оној дел од идентитетот којшто е типичен за сите членови на одредена група;

**Сличности** - постоење на заеднички или исти особености/карактеристики;

**Различност** - непостоење на заеднички или исти особености/карактеристики;

**Карактеристики/особености** - суштествено својство, главна, суштинска црта, особина на некое лице, предмет, појава и сл.

# СОРАБОТКА И ПОВРЗАНОСТ ВО ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

- СЛИЧНОСТИ И РАЗЛИКИ ПОМЕЃУ ЛУЃЕТО ВО ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО
- ПРИПАДНОСТ КОН ЗАЕДНИЦАТА
- СОРАБОТКА И ПОВРЗАНОСТ ВО ЗАЕДНИЦАТА

## ПРЕГЛЕД НА ТЕМАТА

По завршувањето на оваа тема ќе се оспособиш да:

- ги препознаваш придобивките од почитувањето на различностите;
- ги анализираш односите на членовите во заедницата;
- препознаваш и планираш активности кои можат да ја подобрат заедницата;
- даваш примери на активности кои ќе ги зајакнат односите на мултикултурната средина;
- ги препознаваш културните разлики како вредности и да знаеш дека тие се вредности на мултикултурното општество;
- ги толерираш различните гледишта и да ги браниш своите ставови;
- правиш разлика меѓу соживот и заедништво во заедницата;
- образложуваш дека почитувањето на различните култури е неопходно за меѓукултурна интеракција;
- учествуваш во активности за унапредување на мултикултурното општество.



# TEMA 2





# СЛИЧНОСТИ И РАЗЛИКИ МЕЃУ ЛУЃЕТО ВО ОПШТЕСТВОТО



*Мобилност на граѓаните во општеството значи движење на граѓаните, патување, запознавање на нови култури, при што се создава мешање на културите и зближување на луѓето*

## ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

**Граѓанското општество** е поим кој се однесува на сите доброволни граѓански организации или институции, кои дејствуваат независно од државната власт. Граѓанското општество поттикнува заеднички акции кои имаат за цел остварување на заеднички интереси и вредности, таму каде што власта недоволно дејствува.

Тоа им овозможува на сите граѓани подеднакво да учествуваат во општествениот живот преку: учество на избори, граѓански здруженија и разни други граѓански иницијативи.

На пример, граѓаните преку учество во различни здруженија, настојуваат да ги подобрат условите за живеење, да ги остварат своите работни права, да ја заштитат животната средина, да им помогнат на беспомошните, да ја зголемат слободата на јавно информирање итн.

**Различностите** помеѓу луѓето, иако звучи дека разединуваат, многу често се обединувачки. Со истражувањето и откривањето на другите култури, поинакви од својата добиваме појасна слика за другата, но, и за вредноста на сопствената култура. Граѓанското општество ги поврзува индивидуите и групите.

## ШТО Е КУЛТУРА?



*Уметничка слика на која се прикажани различни култури*

**Културата** е начин на однесување и цивилизациски однос кон различностите. Културата треба да се негува од сите и секој има одговорност за неа.

### Определби на културата

Културата е во основата на секојдневниот живот. Таа ни дава чувство на идентитет и ни кажува кои сме од каде сме и каде одиме.

Една од определбите на културата е дека е процес на интелектуален, духовен и естетски развој.

На пример, со читањето книги, посети на театри, опера, балет, посетување на училишта, човекот се стекнува со одреден вкус, тој се култивира.

Културата, исто така, означува начин на живот на луѓето во некој временски период или начинот на живот во некоја група.

На пример, имаме антична култура, средновековна култура, современа култура. Со овие поими се означуваат карактеристиките кои биле заеднички за одреден временски период во кој луѓето живееле на одреден начин.

Исто така, може да се зборува за културата на одредена етничка заедница.

На пример, македонската култура, албанската култура, културата на Ромите, Власите, кога се сака да се објасни начинот на живот на одредена група луѓе.

Културата ги означува делата кои се создадени како чин на креативност, посебно на уметничката активност.

*Обичаите при венчавките, семејното живеење, религиозните церемонии се дел од културното наследство*



*Галичка свадба - дел од македонската култура*



*Албанско оро - дел од албанската култура*



*Рош Хашана - значаен еврејски празник, кој ја означува Новата година, а има буквално значење „Почеток на годината“*



*Спомен-соба на Мустафа Кемал Ататурк во НУ Завод и музеј - Битола*

Денес можеби е најраспространета оваа определба на културата како култура во музиката, литературата, сликарството, скулптурата, театарот и филмот. Според овој став, се наидува на цела низа културни институции - музеи, галерии, издавачки куќи, академии во кои се случуваат и се прикажани делата на човековата духовност и креативност.

## СЛИЧНОСТИ И РАЗЛИКИ ВО КУЛТУРИТЕ

Во нашата земја живеат припадници на различни култури. Различните култури ги означуваат обележјата и начините на живеење на различните етнички заедници, со различна вероисповед, коишто зборуваат различен јазик. Тие треба да се запознаваат, **почитуваат**, **прифаќаат** и да живеат заедно во благосостојба.



*Поздравување во ескимската култура*

Постојат сличности и разлики помеѓу културите во едно општество и во различни општества. Ако не ги запознаеме добро различните култури, поради претпоставка дека се слични на нашата култура, ние некогаш не сме во состојба да ги видиме културните разлики. На пример, Ескимите се поздравуваат со триење на носевите, Кинезите со поклонување, Европејците со ракување.

Погрешното толкување на зборовите, и фразите во повеќејазичната комуникација може да доведе до лоша проценка на намерата на другите. Многу често поради некои културни разлики можеме да бидеме во заблуда, дека припадниците на различните култури се неискрени, арогантни, агресивни. Постојат и разлики во невербалната комуникација. Постојат бројни примери за тоа како невербалните пораки можат да се погрешно протолкувани.



*Поздравување во јапонската култура*

На пример, подигнати два прста во V-форма во некои земји е симбол на победата, додека во Велика Британија овој гест има навредливо значење. Климањето на глава кај нас значи одобрување или да, додека во некои соседни држави како Бугарија и Грција тоа е негирање или не.



*Невербална комуникација*

Затоа, најдобро е кога контактираме со луѓе од нови култури, да не ги вреднуваме како добри или лоши, туку да ги запознаваме според тоа какви традиции и норми постојат во дадената култура. Не постојат повеќе или помалку важни култури.

Секоја култура во нашата држава и во светот има значење и претставува камче во мозаикот на светското културно наследство.

Способноста да се дејствува позитивно кон другите култури се учи и развива. Училиштето има важна улога во развојот на хармонична мултикултурна заедница. Младите преку дружење и комуникација во училиштето, создаваат релативно трајни меѓусебни односи на почитување, искреност, отвореност и љубопитност. Желбата да се научи нешто ново, учејќи и практикувајќи ги сопствените, но и карактеристиките на другите култури, создава другарства од училишните клупи, кои се засноваат на доверба и блискост низ целиот понатамошен живот.

Во современите општества културата не припаѓа само на уметностите и културните институции, туку под култура се подразбира и она што се случува на улиците, во собраќајот, во начинот на однесување во училиштата, болниците, парковите, насекаде каде што човекот дејствува преку своите дела и постапки.



*Со креативност и младински активизам против говорот на омраза - придобивка на заедништвото*



*Негрижа или некултура, кино „Култура", Скопје, односот на негрижа на граѓаните кон културното наследство*

На пример, се случува на сцената на еден театар да се промовира врвна култура преку некоја претстава или музичко дело, а само чекор надвор од театарот има расфрлано ѓубре и отпадоци.

Што ни кажува ова? Каква активност би презел за да решиш некој ваков проблем? Дали ваква слична ситуација имаш забележано некаде? Објасни каде!?

Дали здравата животна средина е нешто што го посакуваме сите, без разлика на културните разлики?

Запознавајќи се меѓусебно, имаме можност да осознаеме дека освен разлики, имаме и многу сличности, се срееќаваме со исти животни предизвици, имаме слични потреби и интереси.

Култура не се само врвните дела кои се создаваат во институциииите или вон нив, културата го опфаќа целокупниот начин на живеење во општеството, нашиот однос и грижа за севкупниот квалитет на живот во секојдневието.

Во нашата култура постои, многу често, противречност помеѓу тоа што го произведуваат нашите културни институции и тоа што го произведуваат дел од луѓето на улиците и во јавниот живот на заедницата. Ние треба да ги одбираме секогаш позитивните примери на нашата култура кои се признати и препознаени во светот.

Тие треба да ни бидат водилка за дејствување во секоја прилика. На овој начин, убавината на ремек-делата од институциите ќе се прелее на улиците, во природата – ќе биде препознаена во чистотата, хармонијата, почитувањето на правилата, грижата и неуништувањето на сето она што го создаваме како *општо добро*. Луѓето преку дружењето создаваат релативно трајни меѓусебни односи на почитување, учејќи и практикувајќи ги сопствените, но и карактеристиките на другите култури.

*Прочитајте, размислете и разговарајте!*

Некои луѓе во Македонија сакаат да вежбаат јога и медитација, а познато е дека тие духовни вештини и техники се типични за културите на Далечниот Исток. Постојат многу примери на мешање на културите, креирање културни навики во начинот на живот коишто претходно биле специфични само за одреден регион или народ. Различните видови на поздравување, исхрана, обичаи, ритуали, начин на облекување, музика и други области од животот, во светот и кај нас, денес се толку меѓусебно испреплетени, што даваат ново светло на современата цивилизација. *Различностите* го прават светот и животот среќен и интересен, откривањето на различните од себеси нѐ прави блиски, заинтересирани да го негуваме туѓото како што го негуваме и своето.

- Дали и што имаш прифатено како дел во твоето секојдневие од другите култури?

Истражувајте!

За начинот на поздравување во различните култури, обичаите, начинот на исхрана, живеалиштата, каков прибор за исхрана користат, потоа направете училиштен плакат, или ѕиден весник.

## ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ

**Активност 1:**

Проектна активност:

Со помош на наставникот/чката по граѓанско образование и во соработка со Општината, најдете место во вашата општина каде што има расфрлано ѓубре и преуредете го во мини-цветна градина.

**Активност 2:**

Научете (на повеќе јазици кои се зборуват во вашата заедница) зборови за општа конверзација: „Здраво!", „Како се викаш?", „Колку години имаш?", „Во кое училиште учиш?".

Размисли кои се придобивките од зборувањето на повеќе јазици?

Откријте што е заедничко за различните култури и со помош на кои вредности од различните култури треба да се остварува соработката?



# ПРИПАДНОСТ КОН ЗАЕДНИЦАТА

- Унапредувањето на граѓанската свест може да ја врати довербата на граѓаните да ги надминат проблемите и предизвиците во современото општество.
- Дали можете да посочите некои проблеми во заедницата?
- Најдете некој проблем/предизвик што би сакале да го решите.

## ПРИДОБИВКИ ОД ЖИВЕЕЊЕТО ВО ЗАЕДНИЦАТА

Од раѓање, ние припаѓаме на некоја **заедница**. Под заедница се подразбира група на луѓе кои имаат нешто заедничко, како на пример, заеднички карактеристики (пол, возраст, етничка припадност), заеднички цели или живеат на иста географска локација. Заедниците најчесто имаат веќе поставени норми и врз основа на тие норми се овозможува нивното опстојување.

Сите ние во своите заедници носиме некакви одлуки. Пример, во семејството - учествуваме во тоа кој каква обрска ќе има, кој ќе го фрла ѓубрето, кој ќе оди во продавница, кој ќе подготвува јадење, кој ќе ја одржува хигиената и обично тоа го правиме спонтано, доброволно со цел да ја унапредиме нашата заедница- семејството. Секој град во нашата земја има своја власт која ја избираат граѓаните за да носат важни одлуки и документи за нашето заедничко живеење. Исто така постојат и граѓански здруженија кои се формирани од граѓаните.



*Секој од нас треба да биде одговорен и активно да учествува во работата на нашата заедница за да обезбеди подобри услови и подобар живот.*

Тие, заедно треба да се залагаат за подобар квалитет на животот на граѓаните, да им помагаат на сиромашните и бегалците, да спасуваат животни, да придонесуваат за заштита на животната средина и сл. Освен придобивките што ги имаат членовите на заедницата од нив, тие, исто така, можат активно да придонесуваат за унапредување и развој на сопствената заедница. Поттикот за подобрување на заедницата доаѓа тогаш кога **поединци** или групи не се задоволни или не се согласуваат со одредени услови, правила, норми или состојби што ги поставила заедницата.

На пример, ако во вашата локална заедница нема игралиште, тогаш жителите на таа заедница можат да ѝ предложат на локалната самоуправа (градоначалникот) организирање на игралиште. Во таа намера може да им помогнат некои невладини организации со кои заеднички ќе го изготват планот.

*Прочитајте, размислете и разговарајте!*

Прочитајте за одредено здружение, посетете здружение во вашиот град и дознајте за какво здружение се работи. Откријте дали здружението спроведува проект. Разговарајте и напишете извештај!

Во консултација со наставникот, посетете ја локалната самоуправа во местото каде што живеете. По посетата, опишете како работи вашата локална заедница.

## ШТО ЗНАЧИ ДА СЕ БИДЕ АКТИВЕН ГРАЃАНИН?



*Акција на волонтери за чистење на градот Скопје*



*Извидници – волонтери при изведување на вежба*



*Доброволци – волонтери собираат на стара хартија*

*Се вклучувам и правам добро во мојата заедница!*

**Активизам** значи иницирање и извршување на акција во согласност со нашата идеја, нашиот став или нашата потреба. Опфаќа многу различни активности или проекти, од мали локални активности (на пример, чистење и уредување на зграда или училиште), до активности на национално или меѓународно ниво. Ние треба да иницираме активности за промени. Активизмот, меѓу другото, подразбира и добивање поддршка од истомисленици, јавно презентирање на акцијата, создавање летоци или реклами, организирање и спроведување на акција.

- Време е за идеи - Што ми доаѓа на ум кога ќе го слушнам зборот „волонтирање“?
- Што е волонтирање?

**Волонтерството** е доброволна активност со која волонтерите вложуваат напор и време да му помогнат на некого или да направат нешто добро за своето училиште или заедница. Лицето кое доброволно помага, се нарекува **волонтер**. Волонтерот не бара надомест за укажаната помош. Волонтирањето поттикнува разбирање кон положбата на другите луѓе и нивниот начин на живот и им овозможува да стекнат различни искуства. Со учество во разни волонтерски активности, запознаваш нови пријатели, стекнуваш ново знаење и учиш нешто ново.

За време на волонтирањето, можеш да научиш многу од другите волонтери и слободното време да го поминеш на интересен и квалитетен начин.

**На пример,** ако некогаш си учествувал/а или организирал/а доброволна акција за собирање на книги за билиотеката на Детската клиника, тогаш исто така си волонтирал/а. Кога волонтирате, правите добро и за себе и за другите.

Можете да волонтирате на различни места, како здруженија, спортски или културни настани, помош на врсници од училиште, вдомување на напуштени животни, ботанички или зоолошки градини. Исто така, можете да волонтирате во разни активности како што се: чистење на животната средина или хуманитарна помош за сиромашните (собирање храна, средства за хигиена за бегалци или деца кои живеат во домови).

Волонтирајте во училиште каде што можете да организирате акција за изработка на помагала за учење или да започнете акција за спречување на насилство кај младите и за промовирање на толеранција. Исто така, може да се волонтира во домовите за деца или домови за стари лица, каде што може да се направат честитки за празниците. Важно е да запомнете дека можете да волонтирате каде што сакате, но секогаш придружени со возрасно лице.



***Истражете, на пример, зошто е значаен Роберт Баден Пауел?***

*Прочитајте, размислете и разговарајте!*

Маја, Фатиме, Бојан и Арбен се членови на Црвениот крст. Тие пакуваат во кутии артикли за основни потреби.

Размислете:

- Зошто ги подготвуваат овие кутии?
- Кои чекори ќе ги преземаат понатаму?
- Дали имаш идеја како ти би помогнал/а некому?



## ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ

**Активност 1:**

Спроведи анкета: „Во моето училиште би сакал да сменам... “ и приложи ја на состанок на ученичката заедница. Сумирајте ги резултатите од анкетата и одредете приоритетна активност. Направете акциски план според следните насоки:

Што е неопходно и нужно да се подобри во училиштето?

Кој може да сугерира идеи и да помогне во надминување на некоја состојба во училиштето?

Како ти самиот можеш да придонесеш кон промените?

На кој начин досегашната состојба придонела за да се јави потреба за промена?

Дали со промената ќе се подобри квалитетот на животот во училиштето и како може таа да влијае на самодовербата и успехот на учениците?

**Активност 2:**

Не биди ѓубре!

„Запознај се со работата на волонтерите од: „Не биди ѓубре!“ и „Реагирајте, не игнорирајте!“ и размисли дали ќе ги поддржиш нивните акции. Зошто „да“ или зошто „не“? Образложи го твојот одговор. Кој има придобивка од нивната волонтерска работа? Дали вакви те примери на волонтерски еколошки акции се почесто застапени во твојата заедница или примери за нееколошко однесување?



# СОРАБОТКА И ПОВРЗАНОСТ ВО ЗАЕДНИЦАТА

## РАЗНОВИДНОСТ И МУЛТИКУЛТУРАЛИЗАМ

Во секоја култура има различни етнички заедници и нивните припадници треба да ги негуваат идеите за еднаквост и праведност. На тој начин, се остваруваат еднакви права и можности за подеднаков развој на различните култури и етнички заедници. Доколку едни имаат подобри услови за развој, во однос на другите, може да се влоши довербата, да настанат конфликти и да се нарушат меѓусебните односи.

Вредностите како што се *толеранцијата* и *праведноста* се услов за *соживотот* на различните култури во **мултикултурното општество**. Целосен дијалог меѓу претставниците на различните кулури не е можен, без взаемно почитување на вредностите и нормите. Важен услов за развој на современото општество се добрите меѓуетнички односи. Мирот и разбирањето меѓу припадниците на различните култури, како и стабилноста на целото општество, зависат, во голема мера, од успешноста во решавањето на нивните проблеми.

Луѓето во заедницата, не е доволно само да живеат едни покрај други, туку едни со други да имаат меѓусебно **почитување и прифаќање**. Тие треба да соработуваат, да се дружат, да придонесуваат кон постигнување на заеднички цели од коишто ќе имаат корист сите заедно. Состојбата и чувството на припадност во определена заедница се нарекува **заедништво**.



*Дружби на сликарите - Владимир Симеонов, Менсур Бојда и Глигор Чемерски*



*Сплотени дланки - симбол на заедништво*




*„Марш за толеранција на лицата со попреченост“*

Додека, пак, поимот **соживот** подразбира грижа, помагање и создавање на меѓуетничка и меѓукултурна **соработка** како основа за подобар живот.

Подобар живот значи општествен напредок преку стекнување знаења, способности, работни места, подобри плати, здравствена заштита, заштита на животната средина, почитување на човековите права и слободи. Градејќи култура на толеранција и соживот, градиме општество за сите или општество во кое сите граѓани ќе имаат исти права, обврски и можности. *Културата на толеранција и соживот* создава една трајна вредност, а тоа е мирот. *Културата на мирот и заедништвото* секогаш зближува, наспроти омразата и поделбите кои ги разделуваат луѓето.



*Деца од ралични етнички заедници во Македонија творат заедно на хепенинг*

Во составот на повеќето современи општества, живеат луѓе од различни националности, генерации, етнички групи, религии и др. Тоа предизвикува постоење на една појава наречена мултикултурализам. **Мултикултурализмот** може да постои само во општество кое ја признава различноста како една од неговите основни вредности. Од заедничкиот живот на луѓето со различни културни традиции во едно општество, произлегува потребата за добрососедство и соработка помеѓу нив.

Луѓето се различни во своите ставови и убедувања, а оваа разновидност не е недостаток, туку предност на општествениот живот.

*Прочитајте, размислете и разговарајте!*

Во демократското мултикултурно општество, придржувањето кон толеранцијата е основа за соживот. Секоја навреда, презир и говор на омраза, во врска со припадниците на различни етнички групи, се неприфатливи.

Дебатирајте на тема: *Дали тие што користат говор на омраза или навреди треба да се осудат од етички причини и да се казнат со закон?*

Важна карактеристика на денешното мултикултурно општество е вклучувањето - процесот на зголемување на учеството на сите граѓани во животот на општеството, а пред сѐ на оние кои имаат потешкотии во физичкиот и интелектуалниот развој. Тоа е сложен процес на вклучување и пристап што ќе им овозможи на сите да учествуваат подеднакво во јавниот живот. Клучот за успешно вклучување е сите страни активно да работат на постигнување на посакуваниот резултат.

Република Северна Македонија е мултикултурно општество. Како и секое современо општество, кое се соочува со различни културни идентитети на неговите членови, така и нашето општество по својот етнички состав е мултикултурно општество. Тоа значи дека граѓаните имаат слични, но и различни начини на живеење, согласно сопствените вредности, јазикот, традицијата, обичаите или погледот на светот.

Македонското општество го сочинуваат Македонци, Албанци, Срби, Роми, Турци, Бошњаци, Власи и други кои заедно живеат, соработуваат, другаруваат, со децении и векови. На нашите простори отсекогаш се испреплетувале различни култури.



*Старата чаршија во Скопје е место каде што се негуваат различни културни обележја*

На пример, за време од 24 часа, на 6 август 2016 година,  во Скопје, наврнале 92,9 литри на метар квадратен дожд, а во текот на првите два часа од почетокот на невремето имало повеќе од 800 громови. Невремето и поројот од вода предизвикале поплава, пад на дрвја, а домовите останале без електрична енергија во населбите Ченто, Стајковци, Смилковци и Арачиново. Граѓаните од целата држава, без разлика на нивната етничка припадност,  координирани од Црвениот крст, Кризниот штаб и надлежните институции, во наредните денови се солидаризирале за собирање на најнеопходната помош за настраданите. Со тоа покажале практичен пример за заедништво, помош, пожртвуваност и соживот.

## ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ

**Активност 1:**

Посетете ја Старата чаршија во Скопје со родителите или наставниците и откријте какви градби има и од кој период датираат. Започнете од националната галерија Даут-пашин амам. Истражете што била истата пред да стане галерија и што значи зборот амам?

Направете интервју со некое постаро лице од чаршијата за соживотот во минатото помеѓу: Евреите, христијаните и муслиманите што се одвивал тука. Потоа направете споредба за соживотот и заедништвото во чаршијата денес. Доколку не сте во можност да ја посетите Старата чаршија во Скопје, истражете од најразлични извори, книги, списанија, монографии, интернет!

**Активност 2:**

Дали вашето училиште е вклучено во проектот: Меѓуетничка интеграција во образованието?

Доколку сте вклучени, наведете активности кои до сега сте ги спровеле. Потоа, предложете идни активности што би сакале да ги реализирате. Истите изнесете ги на директорот/ката и педагошката служба!

## АКТИВНОСТИ ЗА КРИТИЧКО РАЗМИСЛУВАЊЕ И РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИ

**Активност 1:**

*„Решенија за старите проблеми во заедницата“*

• Размислете за проблем што постои во вашето училиште или место каде што живеете. Што би можеле да направите за да го направите подобар животот во заедницата? Направете акционен план како можете да придонесете за вашето училиште и заедницата во која живеете!

***10 совети за успешна акција:***

1. Изберете проблем.
2. Истражете го проблемот.
3. Наведете ги сите можни решенија за избраниот проблем.
4. Изберете начини за решавање на проблемот. Бидете креативни.
5. Најдете истомисленици, соработници и поддршка.
6. Соработувајте со медиумите и рекламирајте ја својата акција. Побарајте јавна поддршка.
7. Откријте кој не се согласува со вашиот предлог. Разговарајте и обидете се да разберете различни мислења.
8. Развијте акционен план и разработете ги сите чекори што ќе ги преземете.
9. Оценете ја вашата акција. Дали таа е успешна? Како би можела да биде поуспешна?
10. Продолжете и не откажувајте се! *Реагирајте, не игнорирајте!*

**Активност 2:**

Иницирајте активност: „Банка за храна", со која ќе собирате храна и ќе ја дистрибуирате храната во добротворни организации за справување со гладта. Пронајдете начин на кој би делувале во хотелите и ресторантите, вишокот храна што им останува да го складираат и донираат за бездомни или немоќни лица. Во реализација на активноста може да ви помогне платформата „Ретвитни оброк“.

## ПРАШАЊА ОД ТЕМАТА:

- Дали некогаш имаш волонтирано? Дали некој од твоето семејство волонтирал? Од која причина? Напиши за твоето искуство како волонтер.
- Што е соживот, а што е заедништво? Наведи пример за соживот!
- Зошто Република Северна Македонија е мултикултурно општество и што е тоа што потврдува дека во неа има соживот? Аргументирај го одговорот!
- Што во твоето секојдневие е резултат на влијанието на друга култура?
- Какво е влијанието на различните култури, ако луѓето од една култура, прифаќаат карактеристики од друга култура во својот секојдневен живот?

**ПОИМИ:**

**Прифаќање** - примање, згрижување на некого на некое време; давање засолниште;

**Почитување** - изразување почит кон некого или нешто;

**Различности** - разнородност, нема сличности;

**Заедница** – здруженост на луѓе или на друштва, организации, установи во една целина заради определени причини и цели;

**Односи** - положба, релација на еден наспроти друг, заемност, поврзаност на луѓе;

**Поединци** - одделни личности, индивидуи, единки.

**Волонтерство** - доброволно ангажирање на поединец или група со цел да пружи услуга на одредено население;

**Волонтер** – лице што работи доброволно или бесплатно заради лично усовршување.

**Толеранција** - трпеливост кон различните од нас;

**Соживот** – заеднички живот, живот во заедница;

**Заедништво** - состојба и чувство на припадност во определена заедница.

**Соработка** - работа со други за заедничка цел;

**Мултикултура** - постоење, проникнување на повеќе форми на културен живот во една општествена средина.

# ГРАЃАНИНОТ И ОПШТЕСТВОТО

- УЛОГАТА НА ГРАЃАНИНОТ ВО ОПШТЕСТВОТО
- РАЗВОЈ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА
- ВИДОВИ ПРАВА И ОДГОВОРНОСТИ
- ПРАВАТА НА ДЕТЕТО
- СТЕРЕОТИПИ, ПРЕДРАСУДИ И ДИСКРИМИНАЦИЈА



## ПРЕГЛЕД НА ТЕМАТА

По завршувањето на оваа тема ќе се оспособиш да:

- ги опишуваш различните улоги и однесување на граѓаните во општеството и да ги анализираш вредностите на демократското општество;
- да ги објасниш појавата и влијанието на различните фактори за развој на човековите права;
- да процениш на кој начин човековите права го унапредуваат демократското општество и да се заложиш за нивно унапредување;
- да дискутираш за различните улоги и однесувања на граѓаните во секојдневниот живот;
- да разликуваш и анализираш различни видови права и одговорности во општеството;
- да ги знаеш твоите права и да ја објасниш потребата од заштита на детските права;
- го објаснуваш значењето и придонесот од сузбивање на дискриминација, стереотипи и предрасуди.

# TEMA 3





# УЛОГАТА НА ГРАЃАНИНОТ ВО ОПШТЕСТВОТО



*Гласаме за претставници на ученичкиот парламент*

## ПОИМОТ ГРАЃАНИН

**Граѓанинот** е човек кој има слободи, **права** и должности во општествената заедница, а тоа значи дека може да гласа, да учествува во граѓански здруженија и граѓански иницијативи, да работи, да плаќа даноци, да почитува закони и да ги ужива сите права и слободи запишани во Уставот на државата.

Во македонското општество живеат граѓани со различна националност, религија, боја на кожата, имотна положба, образование и слично. Граѓаните може да живеат во градови, села, населби. Без оглед на разликите меѓу нив, тие имаат исти права и обврски – што значи дека тие се потполно еднакви. Никој не смее да биде привилегиран или над другите и никој не смее да биде обесправен или под другите. Никој не смее да биде над законите, а тоа значи дека законите не смее да не важат за некого.

Граѓаните избираат каква ќе им биде заедницата, дали ќе избираат одговорна власт која ќе носи закони за доброто на сите граѓани. Одговорност на власта е да ги заштитува правата и слободите на граѓаните, за да можат тие да се чувствуваат безбедно и сигурно. Граѓаните треба да учествуваат во власта преку гласање на парламентарни и локални избори, референдум

(јавно изјаснување), а тоа значи учество во заедничкиот живот и можност да си ги заштитат своите права.

Одговорни граѓани се тие кои ги остваруваат своите права и ги исполнуваат обврските или должностите во општеството. На пример, оние граѓани кои излегуваат да гласааат или учествуваат во каков било облик на граѓанско организирање, даваат јасна порака за тоа кој и како тие сакаат да владее во интерес на сите.

## ВРЕДНОСТИ НА ДЕМОКРАТСКОТО ОПШТЕСТВО

Што е демократија и што е одговорност во донесувањето на одлуки?

Демократијата (демос - народ, кратија – владеење) е вид на општествено уредување во кое власта ја има народот, односно граѓаните. За колевка на демократијата се сметаат античките градови-држави, од кои најразвиена била атинската демократија во периодот на 5 век пред нашата ера. Во демократијата не се владее над граѓаните, туку во име на граѓаните. Граѓаните на избори одлучуваат кој ќе ги претставува и кој ќе владее во ограничен и точно определен временски период. Во услови на демократија за сите граѓани важат истите правила и закони. Тоа се нарекува рамноправност.



*Достапност на граѓаните во донесување одлуки*

На граѓаните треба да им се заштитени сите лични права и слободи бидејќи тие се неотуѓиви и неповредливи, а тоа значи дека сите права и слободи им припаѓаат со раѓање и никој не може да им ги одземе до крајот на животот. Зборот демократија се користи и кога сакаме да опишеме некоја ситуација каде што сите подеднакво учествуваат во донесувањето на одлуки. Кога велиме дека во некоја држава или во некоја институција или заедница постои демократија, очекуваме сите нејзини членови да имаат подеднаква достапност во донесувањето на одлуки.

Па така, демократија во училиштето е кога сите ученици во своите одделенија предложуваат место кое сакаат да го посетат, на пример, да одат на излет.

Помеѓу неколкуте понудени места кои добиле најмногу гласови, учениците избираат повторно со гласање за тоа каде е најдобро да одат. На сличен начин можеме да ја покажеме и својата граѓанска активност во заедницата каде што живееме. Со заедничко дејствување можеме да ја подобриме заедницата во која живееме. Граѓаните можат да даваат предлози до општините, а потоа до одреден рок да изберат најдобро решение за некој предлог кој тие го дале.

На пример, за решавање на некој сообраќаен проблем или за заштита на животната средина или за разни други прашања со кои секојдневно граѓаните се соочуваат.

*Прочитајте, размислете и разговарајте!*

- Дали некогаш сте учествувале во донесувањето одлуки во своето училиште?
- Дали сте гласале за некого или нешто во училиштето или помеѓу врсниците?
- Разговарајте со своите соученици дали тие учествуваат во донесување на важни одлуки за подобрување на условите во училиштето.

## УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИНОТ ВО ОПШТЕСТВОТО

Секоја активност со која граѓаните се вклучени во процесот на одлучување во јавноста влијае на квалитетот на нивниот живот и на животот на нивните сограѓани, се нарекува **граѓанско учество.**

Во демократијата секој член на заедницата може и е пожелно да учествува. Бидејќи демократијата значи владеење на народот, добро е граѓаните да се заинтересирани да придонесат за различни прашања на тој начин што ќе земаат активно учество. Доколку граѓаните не учествуваат активно во донесувањето одлуки или во предложувањето на решенија, тие стануваат пасивни набљудувачи кои чекаат некој друг наместо нив да предложува и решава проблеми.



*Граѓаните користејќи симбол покажуваат дека сакаат да учествуваат во општествениот живот*



*Граѓани кои учествуваат во работата на градското собрание*

**Активното учество** ни дава можност да стекнеме вештини и способности како да пристапуваме кон проблемите, како заеднички да се договараме за доброто на сите членови на заедницата, како да искажеме сопствено мислење, но и да ги сослушаме и почитуваме туѓите ставови. Преку активното учество, ние го користиме своето право на слободно изразување и мислење, но и стекнуваме одговорност да ги преземеме обврските за донесените одлуки. Тоа што заеднички ќе го одлучиме преку почитување на демократските постапки, треба потоа да го спроведуваме и да имаме одговорност ако сакаме да ја постигнеме целта и да имаме успех. Кога младите ги посочуваат проблемите, се вклучуваат во активности, дебати, дискусии, предложуваат решенија, споделуваат одговорност, донесуваат одлуки во заедницата каде што живеат и учат, тие практикуваат демократија преку **младинско учество**.

## ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ

**Активност 1:**

Оваа скала може да ја најдете http://www.mcgo.org.mk/pub/Vodic_za_ucenici_gragjansko_obrazovanie_MK.pdf или во Водичот за граѓанско образование на страница 40.

Ти имаш право да учествуваш во демократијата!

Дали знаеш како?

Според дадената Скала на учество одреди во кој дел припаѓаш!



Табела 1 Скала на учество

| | СКАЛИЛО | ОПИС | ПРИМЕР ВО УЧИЛИШТЕ |
|---|---|---|---|
| УЧЕСТВО | Младите и возрасните заеднички донесуваат одлуки. | Младите даваат идеи, подготвуваат активности и ги канат возрасните да им се приклучат. | Учениците сакаат да имаат паркинг за велосипеди пред училиштето. Прават партнерство со училиштето и организации за да дадат предлог и да побараат средства од општината. |
| | Младите иницираат и управуваат. | Младите имаат идеи и одлучуваат како ќе се спроведе проектот. Возрасните се достапни, даваат поддршка и веруваат во младите луѓе и во нивното водење на активностите. | Група ученици добиваат дозвола од директорот да организираат акција за денот на екологијата. Учениците одлучуваат што ќе биде акцијата и пораките што ќе ги испратат; училиштето дава поддршка. |
| | Возрасните иницираат, одлуките ги носат заедно со младите. | Возрасните ја даваат идејата, но младите се вклучени во одлучувањето, планирањето и спроведувањето на проектот. | Наставник во училиштето ги прашува учениците за идеи за одбележување на денот на човековите права. Учениците препорачуваат да има концерт на училишни бендови. Наставниците и учениците заедно го осмислуваат и го организираат настанот. |
| | Возрасните се консултираат со младите и ги информираат. | Возрасните го осмислуваат и го спроведуваат проектот, а мислењата на младите се прифатени во текот на спроведувањето. Младите добиваат повратна информација за нивните мислења. | Општината организира консултации со учениците за да дадат мислење за паркот во близина на училиштето. Тие кажуваат што сакаат да се промени или да се изгради. Општината ги информира младите дека нивните препораки влијаеле врз одлуката и паркот. |
| | Младите се назначени, но и информирани. | Возрасните одлучуваат за проектот, а младите го разбираат проектот и возрасните ги почитуваат нивните мислења. | На тркалезна маса во училиштето има простор за дваца говорници – ученици. Учениците се договараат кои ќе бидат претставниците и работат со возрасните за да разберат која е нивната улога во дискусијата. |
| НЕУЧЕСТВО | Токенизам. | Младите добиваат некакви улоги во активностите, но немаат избор за тоа што го прават или како учествуваат. | Училиштето треба да има свои претставници на конференција за институции, наставници и ученици. Наставникот самиот избира ученик/ученичка за конференцијата, кој/а не добива информации за што да се подготви или нема време да се консултира со другите соученици за мислења. |
| | Декорација. | Младите добиваат улога, но во ограничено својство и немаат улога во одлуките. | Во училиштето се организира настан, кој целосно е осмислен од возрасните. Учениците добиваат маички што треба да ги носат и текст за рецитал, но немаат информација за што се организира настанот. |
| | Манипулација. | Возрасните имаат целосен авторитет и можат да ја злоупотребуваат моќта. Ги користат идеите и гласовите на младите за своја корист. | Училиштето сака да организира прослава на полуматура во еден хотел. Ги кани учениците на состанок да дискутираат каде сакаат да биде прославата. Иако учениците имаат друг став, училиштето останува на првиот предлог и вели дека е договорено со учениците. |

Прикажани се осум скалила на вклученост на децата и младите. Во скалилото, највисокиот степен на учество за едно прашање е кога младите го иницираат прашањето, а го решаваат заедно со возрасните, додека најнизок степен на учество на младите е кога се поканети да учествуваат во проект, но немаат вистински информации ни влијание врз одлуките и нивните резултати.

**Активност 2:**

Изготви Т-табела!

Кои се улогите на граѓаните во општеството и какво е нивното однесување во конкретни примери?

Откако ќе ја изготвите Т - табелата, дискутирајте за напишаните примери!



# РАЗВОЈ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

**Човек** – припадник на видот homo sapiens, маж, жена или дете, личност

**Права** – тоа што на човекот му е наменето или дозволено, слободите кои му се загарантирани



*Хамурабиевиот законик во Вавилон (денешен Ирак, 1760 г. пр.н.е.) бил првиот пишан правен акт воспоставен од вавилонскиот крал.*



*Повелбата на Кир (денешен Иран, околу 570 г. пр.н.е.), донесена од Кир, кралот на Персија, по освојувањето на Вавилон.*

## ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Во дамнешно време не постоеле човекови права, кои важеле за сите луѓе подеднакво, но постоеле идеи и потреби да се истакне желбата за слобода, слободно изразување или еднаквост. Во антиката, многу филозофи зборувале и пишувале за слободата и ропството, за праведноста, еднаквоста. Сите тогашни општества биле дискриминирачки од денешна гледна точка. Ако луѓето биле слободни, богати или мажи, тогаш тие биле на „вистинската страна" и за нив важеле правата да бидат заштитени. Луѓето кои биле ставени во ропство и прогласени за робови, можеле да бидат продавани, купувани, мачени, убивани, за нив не постоеле човекови права. Во Стариот век постојат примери на пишани документи, со кои поединечни владетели, низ историјата донесувале закони за заштита на некои човековите права.

Важноста на правата за сите граѓани била потенцирана во доцниот 18-ти и 19-ти век. Во 1789 година, Франција го симнува кралот од власт и ја основа првата Француска Република. Народното Собрание на Републиката ја донело „Декларацијата за правата на човекот и граѓанинот". **Декларацијата** ги опфаќа ставовите на големите просветители и енциклопедисти како Волтер, Монтескје и Русо. Декларацијата го потресла политичкиот и правниот систем на монархијата и ги дефинирала човековите права како што се: слободата, сопственоста, безбедноста, правото на спротивставување на угнетувањето и правото на вероисповед.






*Значаен документ, од почетокот на 13 век за заштита на некои човекови права е „Magna Carta Libertatum“ или Големата повелба за слободата. Донесена е во Англија во 1215 г.*

Системот на аристократски привилегии и наследни права што постоел во монархијата, се заменил со принципот на еднаквост на сите граѓани пред законот.

Римското право е основата за признавање на некои „природни права“ на човекот. За време на 17-ти и 18-ти век во Европа, голем број филозофи пишувале за „природни права“ на живот, имот и слобода. Овие природни права се писмено забележани во 17-от век во Англија преку документ кој послужил како основа за подоцнежните уставно загарантирани човекови права.

Идејата за природните права значи дека правата се вродени, стекнати со раѓање и им припаѓаат на лица затоа што тие се човечки суштества. Идејата дека природните права треба да им овозможат на луѓето законски права, станала прифатена и вклучена во законите на некои земји во светот.



*Француската декларација за правата на човекот и граѓанинот*

## УНИВЕРЗАЛНА ДЕКЛАРАЦИЈА

### Причини за донесување на Универзалната декларација

Човековите права никогаш не биле толку загрозени, блиску до целосно уништување, како што тоа било за време на Втората светска војна. Од страна на нацистите и нивните сојузници биле убиени 55 милиони луѓе, предизвикана е огромна материјална штета, цели градови биле срамнети со земја, раселени, прогонувани биле луѓето од своите домови, меѓу кои и голем број на деца. Во тие ужасни настани се прекршени сите правила на Женевските конвенции за хуман третман на цивили и цивилни објекти. Во Втората светска војна, по бруталното „истребување“ и раселување на народите од страна на нацистичките и фашистичките држави, страдал и македонскиот народ, како и другото население кое живеело во Македонија.




*Елеонор Рузвелт за првпат ја покажува Универзалната декларација за човекови права*

*„Холокаустот претставува убиство на приближно 6 милиони Евреи од страна на нацистите и нивните соработници. Во периодот меѓу германската инвазија врз Советскиот Сојуз во летото 1941 година и крајот на војната во Европа во мај 1945 година, нацистичка Германија и нејзините соучесници се обидоа да го убијат секој припадник на еврејскиот народ под нивно владеење. Имајќи предвид дека нацистичката дискриминација врз Евреите започна со доаѓањето на Хитлер на власт во јануари 1933 година, голем број историчари го сметаат овој датум за почеток на ерата на холокаустот. Евреите не беа единствените жртви на хитлеровиот режим, но беа единствената група која нацистите се обидоа целосно да ја уништат.“*

*Јад Вашем, Ерусалим, Израел*

*Анализирај ги дадените примери и дискутирај за прекршување на човековите права.*

Во Втората светска војна постоел план за целосно уништување на еврејскиот народ. Холокаустот е поим со кој се означува најголемото злосторство, геноцидот, во кој се убиени шест милиони Евреи од кои 1,5 милиони биле деца. Жртви на холокаустот биле и Ромите, луѓе со физичка и интелектуална попреченост, затвореници, хомосексуалци и други убиени во огромни бројки. Со цел масовно и целосно уништување на Евреите, биле создадени концентрациони логори со гасни комори, во кои биле загушувани, а потоа и спалувани жртвите.

*Прочитајте, размислете и разговарајте!*

На 11 Март 1943 година биле уапсени сите Евреи од територијата на денешна Македонија и потоа во три наврата, 98 проценти од нив биле депортирани. Многу мал дел од еврејското население успеало да се спаси од депортацијата. Депортирани биле 7, 144 македонски Евреи од Битола, Скопје, Штип (во тоа време најголем дел од Евреите живееле во овие три градови) во концентрациониот логор Треблинка, од кои ниеден не преживеал.

Геноцидот врз Ромите или ромскиот холокауст - познат и како „порајмос“ (уништување) и „самударипен“ (масовно убиство) – бил обидот на нацистичкиот режим во Германија и нејзините сојузници во Втората светска војна да извршат геноцид врз ромскиот народ во Европа.

Историчарите проценуваат дека меѓу 220 000 и 500 000 Роми биле убиени од нацистите и нивните соработници - 25% до над 50% од 1 милион Роми во Европа во тоа време. Подеталното истражување на Иан Хенкок открива дека бројот на жртвите е околу 1,5 милиони.

## НА СВЕТОТ МУ ТРЕБАЛА ПРОМЕНА!

Настаните за време на Втората светска војна се оние кои ги ставиле човековите права во центарот на вниманието на меѓународната јавност. Во 1945 година формирани се Обединетите Нации (ООН), со цел обединување на народите во светот и создавање на услови за градење на мир, соработка и просперитет помеѓу сите народи. Обединетите нации водени од хуманитарни причини, ја прогласиле за нивна примарна цел промоцијата и унапредување на човековите права. Универзалната декларација за човекови права била усвоена од Генералното собрание на Обединетите нации на 10 декември 1948 година. Таа е составена од 30 члена кои ги гарантираат граѓанските, политичките, економските, социјалните и културните права на луѓето, без оглед на нивната националност, вероисповед, пол, раса, боја на кожата, имотна положба, јазикот, возраста. Донесена е како израз на добра волја и препорака до сите демократски држави да ги вградат и заштитат во своите Устави сите основни човекови права како најголема демократска **вредност**.

Овој документ е основа за многу последователни конвенции кои ја регулираат заштитата на човековите права. Тоа е првата повелба за човекови права во историјата која ги прогласува човековите права и слободи за сите луѓе во светот, без дискриминација. Поради тоа што се однесува на сите луѓе во светот, таа има универзална важност. Во Декларацијата се потенцира дека основната цел на Обединетите нации е да ги спасат генерациите што доаѓаат од ужасите на војната и „да ја потврдат довербата во основните човекови права, во достоинството и вредноста на човекот, во еднаквите права на мажите и жените."



*Депортацијата на Евреите од Македонија во логорот Треблинка*



*Геноцидот врз Ромите, собирање на Ромите за егзекуција*

Подоцна , меѓународната заедница усвои голем број клучни правни инструменти за безбедно зачувување на принципите на Декларацијата.

Во 1950 година, врз основа на Универзалната декларација донесена е **Европската Конвенција** за човекови права. Со потпишувањето на оваа Конвенција, државите потписнички се сложуваат и се обврзуваат да ги почитуваат човековите права кои се загарантирани со Конвенцијата. Спроведувањата на правата од Конвенцијата во земјите потписнички ја надгледува Европската комисија за човекови права и Европскиот суд за човекови права во Стразбур. Р.С. Македонија ја потпишала Европската конвенција за човекови права во 1997 година. Доколку некои права на граѓаните од земјите потписнички се прекршени , тие можат да се обратат до Судот во Стразбур.

## ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ

### Активност 1:

Колку се почитуваат човековите права во училиштето?


Активност на час

Мерење на „температурата на човековите права" на моето училиште

- Пополнете ја долунаведената табела која ќе ја пронајдете на следниов линк: http://www.mcgo.org.mk/pub/Vodic_za_ucenici_gragjansko_obrazovanie_MK.pdf или во Водичот за граѓанско образование на страница 48.
- Собери ги поените што му ги даде на секое прашање за да ја пресметаш вкупната „температура на човекови права" во твоето училиште. Вкупната „температура на човекови права" во моето училиште е _______________ . Највисока температура = 40 „степени на човекови права" = човековите права во училиштето во целост се почитуваат.
- Во рамките на паралелката, споредете ги одговорите на прашањата и разговарајте за разликите во проценката од страна на различни ученици. Соберете ги резултатите од сите ученици за секоја изјава и утврдете кои изјави се оценети со најмалку поени. Размислете како би можела да се подобри состојбата.

  1. Подгответе писмо со предлози за мерки и активности кое ќе го доставите до стручната служба, или:

  2. Организирајте дебата/дискусија со стручната служба за мерки и предлози.

### Активност 2:

- Образложи зошто е потребно и корисно за граѓаните да се почитува правото на секоја етничка заедница, да го користи сопствениот јазик во процесот на образование?
- Наведи и други примери во кои се заштитени човековите права во РС Македонија?
- Изнеси сопствено мислење за тоа дали процесот на унапредување на човековите права треба да заврши со донесувањето на Универзалната декларација или Европската конвенција, или тој процес треба непрекинато да трае? Зошто?



# ВИДОВИ ЧОВЕКОВИ ПРАВА

*,Сите човечки суштества се раѓаат слободни и еднакви по достоинство и права. Тие се обдарени со разум и совест и треба да се однесуваат еден кон друг во духот на општо човечката припадност „ Член 1. од Универзалната декларација за човековите права.*

## ШТО СЕ ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Човековите права се основни права и слободи кои му припаѓаат на секој поединец во светот, од раѓање до крајот на животот. Правата ни припаѓаат без оглед од каде сме, во што веруваме или како избираме да го живееме животот. Човековите права се засноваат на универзални **вредности** какви што се достоинството, еднаквоста, праведноста, почитта и независноста.

Тие нè заштитуваат. Можат да бидат повредени, но не може да бидат уништени.

Човековите права на ист начин нè третираат сите: богати и сиромашни, мажи и жени, стари и млади, бели и црни. Тие ни овозможуваат почит и нè обврзуваат да ги почитуваме другите луѓе. Сите ние имаме право на живот, слобода, сигурност, како и на задоволување на основните потреби од вода, храна, живеалиште, без оглед во која земја живееме, какво ни е семејството, расата, бојата на кожата, полот, верата, политичкото убедување, националното и социјално потекло, сексуалната ориентација, образование или било кој друг статус. Тоа се права кои му припаѓаат на секој поединец, со самиот факт дека тој или таа се човечки суштества.

*Човекови права се начела, или прописи, дека сите луѓе сме еднакви во правата независно од личните разлики или од припадноста на различни групи.*



*Оневозможувањето да се задоволат основните потреби не е фер и претставува кршење на човековите права. Запомнете!*

## КЛУЧНИ ВРЕДНОСТИ НА КОИ ПОЧИВААТ ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Две од клучните вредности кои се во основата на идејата за човекови права се човековото достоинство и еднаквоста. Човековите права може да се сфатат како определување на основните стандарди кои се неопходни за достоинствен живот.

Тие се универзални поради фактот дека подеднакво им припаѓаат на сите луѓе. Многу други вредности кои се вградени во човековите права, можат да се извлечат од овие две основни вредности, на пример: слободата, почитувањето, недискриминација, толеранција, правда и одговорност. Зошто се важни овие вредности?

**Слобода:** затоа што човечката слободна волја е важен дел од човековото достоинство. Присилувањето да сториме нешто против нашата волја го понижува човекот.

**Почитување на другите:** затоа што недостигот на почит кон некого, подразбира неуспех да уважиме нечија индивидуалност и достоинство.

**Заштита од дискриминација:** затоа што еднаквоста во човековото достоинство значи дека не треба да ги вреднуваме луѓето врз основа на нивната припадност.

**Толеранција:** затоа што нетолеранцијата укажува на непочитување на различностите, а застапувањето за еднаквост меѓу луѓето не подразбира униформност.

**Правда:** затоа што луѓето се еднакви како припадници на човековиот род, заслужуваат правично постапување.

**Одговорност:** затоа што почитувањето на правата на другите предизвикува одговорност за сопствените постапки.

Човековите права треба да се уважуваат, почитуваат, унапредуваат и прошируваат согласно потребите и условите во кои живеат луѓето во современите општества.

За полесно да ги научиме човековите права, ќе ги истражуваме, според групите на кои се поделени:



*Право на живот*



*Право на образование*

### ПРВА ГЕНЕРАЦИЈА НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Некои права од првата генерација на човекови права, се појавуваат во текот на седумнаесеттиот и осумнаесеттиот век и се засновале главно на граѓански и политички барања на граѓаните. Целта на овие права била да се влијае на политиките што ги засегаат сите граѓани во општеството, но и тоа дека треба да се ограничи моќта на владетелите. Во борбата за овие права биле две основни идеи: *личната слобода* и *заштитата на поединците од вознемирување од страна на државата*. Првата генерација на човекови права, честопати нарекувани „сини“ права, е за слободата и учеството во политичкиот живот. По својата природа, тие во суштина се **граѓански** и **политички права**. Некои поважни права кои спаѓаат во оваа група се: правото на живот, еднаквост пред законот, слобода на говор и изразување, слобода на здружување, право на фер судење, пресумпција на невиност - што значи секој човек е невин додека судот не го докаже спротивното, слобода на вероисповед, правото на приватност и правото на глас. Правото на глас значи дека секој човек има право да избира. Преку гласањето на избори граѓаните одлучуваат кој ќе ги претставува, а исто така, и секој граѓанин може да се кандидира за секоја јавна функција во државата.

Овие права традиционално се сметале за најважни човекови права. Но, дали е така, ќе видиме подолу, кога ќе ги објасниме другите групи на права.

## ВТОРА ГЕНЕРАЦИЈА НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Втората генерација на човекови права се однесуваат на економските, социјалните и културните права на човекот. Тие гарантираат рамноправен однос за различни граѓани. Економско-социјалните права вклучуваат право на вработување под фер и поволни услови, право на храна, пристоен животен стандард, домување, право на пензија за стари лица и инвалиди, здравствена заштита, како и социјално осигурување и социјална помош за невработените.

Економските права го покажуваат фактот дека одредено минимално ниво на материјална безбедност е неопходно за човековото достоинство, како и фактот дека немањето вработување или сместување може да биде понижувачко. Како и правата од првата генерација, така и овие права беа опфатени и со Универзалната декларација за човекови права и во Европската социјална повелба на Советот на Европа. Тие понекогаш се нарекуваат „црвени“ права. Тие наметнуваат должност на владата да ги почитува, промовира и исполнува.

Државата треба да создава услови граѓаните да можат да се вработат, да заработуваат, да имаат пристап до образование, сопствен дом. Овие права се однесуваат на тоа како луѓето живеат и работат. Тие се засноваат на идеи за еднаквост и пристап до основните социјални и економски добра, услуги и можности.

**Социјалните**, **економските** и **културните права** се неопходни за целосно учество во општеството, здравствена заштита, приватност и заштита од дискриминација.

Културните права се однесуваат на културниот „животен стил“. Овде спаѓаат и авторските права со кои творците ги заштуваат своите научни, книжевни и уметнички дела. Исто така, вклучуваат право на слободно учество во културниот живот на помалите заедници и право на образование.

Културните права се неопходни за помалите заедници во општеството да ја зачуваат својата посебна култура: на пример, право на недискриминација и еднаква правна заштита.



*Право на глас*



*Право на работа*



*Право на здравствена заштита*



*Право на културен развој*

## ТРЕТА ГЕНЕРАЦИЈА НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Третата генерација на човекови права се оние права што ги надминуваат самите граѓански и социјални права. „Човекови права од трета генерација“ уште се нарекуваат и „зелени“ - **еколошки права**. Тие вклучуваат групни и колективни права, право на самоопределување, право на економски и социјален развој, право на здрава животна средина, право на природни ресурси, права на комуникација, право на учество во културно наследство, право на меѓугенерациска еднаквост и одржливост. Солидарноста е фундаментална идеја за третата генерација на права, вклучуваат права како што е правото на одржлив развој, мир и здрава животна средина. Во поголемиот дел од светот, во услови како што се екстремната сиромаштија, војните, животната средина и природните непогоди значат уназадување на човековите права. Поради оваа причина, многу луѓе почувствувале потреба да препознаат нова категорија човекови права. Со овие права треба да се овозможат соодветни услови за општествата, особено во земјите во развој да се обезбедат веќе признатите права од првата и втората генерација. Одговорноста за заштитата на правата од трета генерација е цел на меѓународната заедница, а не само на државите.



*Право на природни ресурси - Амазон*

Постои загриженост дека е невозможно да се гарантираат овие права.

На пример, кој треба да биде одговорен за обезбедување мир во Сирија или Блискиот Исток, или да ја заштити дождовната шума во Амазон од уништување, или да преземе соодветни мерки против климатските промени.

*Прочитајте, размислете и разговарајте!*

**Човековите права се:**

УНИВЕРЗАЛНИ: им припаѓаат на сите поединци затоа што се луѓе и секој ги поседува во иста мера.

НЕОТУЃИВИ: не можеме да ги изгубиме, исто како што не може да престанеме да бидеме човечки суштества.

НЕДЕЛИВИ: Тие се со иста важност, суштински поврзани и не може да се перцепираат одвоено едни од други.

1. Напишете ги зборовите „човекови“ и „права“. Под збород „човекови“ наведете кои вредности треба да ги има човекот? На пример: „чесност“, „солидарност“.

2. Што мислите дека е потребно за да се заштитат, зајакнат и развиваат овие вредности на човекот? Објаснете, зошто ги избравте токму тие вредности. На пример: „образование“, „пријателство“, „семејство со љубов“.

3. Наведете ги зборовите кои мислите дека го опишуваат зборот „права“.

4. Обидете се од зборовите кои ги запишавте под двата поима, да направите дефиниција за човековите права.

5. Разговарајте за тоа како го опишавте поимот „човекови права”.

## ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ

**Активност 1:**

Изберете случај за прекршување на човековите права, преку дискусија за нив или пронајдете напис во весник или посочете лични примери. Анализирајте ги случаите на кршење на човековите права.

- Идентификувајте ги главните аргументи во некој случај од медиумите за човекови права.
- Оценете ги аргументите од гледна точка на валидност и релевантност за случајот.

**Активност2:**

- Разговарајте за следниов случај!

С.С. работеше 5 години во текстилна фабрика. Има едно дете, коешто има потешкотии со здравјето. Од тие причини понекогаш мора да отсуствува од работа и да користи боледување. Сопствениците на фабриката ѝ дале отказ со образложение дека премногу отсуствува, а ним им треба работничка што нема да користи боледувања. Откако добила отказ, поднела тужба до судот во која навела дека останала без егзистенција.

Во случај на судски процес, размислете за тоа кои права ѝ се прекршени на С.С. и дискутирајте за тоа каква била одлуката на судот. Изнесете сопствен став и аргументи како вие би одлучиле доколку сте во улога на судија.



# ПРАВАТА НА ДЕТЕТО

- Дали децата имаат свои права?
- Дали знаеш на кого треба да се обратиш ако ти е прекршено некое право?

Вашите родители/старатели и наставници имаат должност да ви помогнат и да ве заштитат, затоа што вашето детство и растење треба да биде среќно и безгрижно.

На 20 ноември 1989 година донесена е Конвенцијата за правата на детето.

20 ноември се одбележува како Ден на правата на децата. Запомнете!



*Моите и вашите права - тоа се наши права!*

Децата со своето раѓање, стекнуваат одредени права, наречени човекови права. Човековите права се загарантирани на секое човечко суштество. Тие се неотуѓиви, што значи дека не можат да бидат одземени од никого.

Правата на децата се посебно издвоени затоа што децата имаат право на посебна заштита. Тие се наведени во Конвенцијата за правата на детето. Тоа е првиот меѓународен документ за заштита на правата на децата во светот. Правата на децата важат за сите лица до 18 години. Важно е да ги знаете вашите права. Детските права те штитат тебе и твоите врсници. Сите имате исти права!

Ако твоето право е повредено, секогаш побарај помош!

## ВАЖНОСТ НА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА ПРАВАТА НА ДЕЦАТА

Конвенцијата за правата на детето беше донесена во 1989 година, под покровителство на Обединетите нации. Нејзиното усвојување е резултат на долг процес, кој започна половина век пред да биде официјално доставен предлогот за изготвување на овој меѓународен документ за правата на детето. Овој документ на едно место ги опфаќа сите човекови права кои се однесуваат конкретно на децата. Конвенцијата е најважниот меѓународен договор за правата на детето и служи како основа за понатамошно регулирање на правата на детето. Овој меѓународен документ досега го потпишале најголем број на земји во светот. Исто така, и нашата држава го има потпишано овој документ. Во Конвенцијата се запишани сите права на децата, како и тоа кој и како треба да ги заштитува. Правата загарантирани со Конвенцијата за деца се неделиви.

Основни принципи на Конвенцијата се:

- Право на живот, опстанок и развој;
- Право на заштита од дискриминација;
- Право на почитување на мислењата / учеството;
- Најдобри интереси на детето.

Почитувањето на принципите е предуслов за уживање во правата на децата. Конвенцијата има за цел да го заштити детето како рамноправно човечко суштество. Од државите се бара да не дозволуваат дискриминација врз детето и да обезбедат целосно остварување на правата на детето. Конвенцијата ги гледа децата како правно лице. Конвенцијата ја промовира идејата дека децата се лица со права што треба да се почитуваат:

1. Го промовира учеството на детето во процесот на донесување одлуки за прашања што влијаат врз него според неговата возраст и зрелост (земајќи ги предвид семејството и општеството како целина);
2. Конвенцијата го потенцира правото на децата да се заштитат од сите форми на злоупотреба, насилство и акти што им се закануваат на нивните права;
3. Конвенцијата, исто така, пропишува права кои обезбедуваат услови за правилен раст и развој на детето.

Секако, има ученици со посебни потреби во вашето училиште, ученици од семејства со ниски приходи, ученици кои не го разбираат добро македонскиот или албанскиот јазик, или имаат тешкотии во учењето. Сите тие припаѓаат на ранливите групи на деца. Бидете нивна поддршка, помогнете им!



Правата на децата можат да поттикнат многу активности со коишто можете да им помогнат на учениците во ранливите групи. Ранливи групи на деца вклучуваат деца кои живеат во оддалечени области, деца сторители на прекршоци, деца жртви и сведоци на насилство. Конвенцијата за правата на детето и законите на Р.С. Македонија ги штитат ранливите категории на деца.

Грижа за најранливите групи - запомнете ја Конвенцијата за правата на детето!



*Девојче, чиј сон е да биде балерина и успешно учествува во инклузивна балетска претстава*

## КОНВЕНЦИЈА ЗА ПРАВА НА ДЕТЕТО

член 13

Детето има право на слобода на изразување која ја опфаќа и слободата да бара, да прима и да дава информации и идеи од сите видови, без оглед на границите, било усмено или писмено или преку печатот , уметноста или некој друг медиум по избор на детето.

Остварувањето на ова право може да подлежи на извесни ограничувања, но само на оние кои се одредени со закони кои се неопходни:

(а) Поради почитувањето на правото или угледот на другите; или

(б) Поради заштита на националната безбедност или на јавниот ред или на јавното здравје или моралот.

член 14

Државите го почитуваат правото на детето на слобода на мислење, совест и вероисповед. Државите членки ги почитуваат правата и должностите на родителите, и ако е таков случајот на законските старатели да го насочуваат детето во остварувањето на неговото право на начин кој е во согласност со развојот на неговите способности.

Слободата на изразувањето на вероисповедта или убедувањето може да подлежи само на оние ограничувања кои се пропишани со закон и кои се неопходни заради заштитата на јавноста, сигурноста, редот, здравјето или моралот или основните права и слободи на другите.

член 15

Државите-членки ги признаваат правата на детето на слобода на здружување и слобода на мирно собирање.



*Основно право на децата е правото на игра*



*Децата се грижат за училишниот двор*

## ПРАВА И ОБВРСКИ

Децата имаат права, но и **одговорности** во семејството, училиштето и во пошироката заедница. Тие треба да ги уживаат детските права, но треба и да ги исполнуваат своите обврски за да станат одговорни и успешни граѓани подоцна во животот.

Ако некое дете сака да има животно во својот дом, дали треба да има одговорности кон него?

Некои луѓе, за жал, не се одговорни сопственици и не се грижат правилно за своите миленици. Некои дури и ги напуштаат. Запоставените, злоупотребуваните, напуштените и ранетите животни, се згрижуваат од одговорните граѓани како поединци или здруженија. Тие честопати помагаат при посвојување миленичиња. Законот за заштита на животните нè обврзува да се грижиме за нашите миленици и нивните потреби и да не ги загрозуваат другите животни или луѓе. За неодговорните сопственици, Законот предвидува одредени мерки и парични казни.



*Права и одговорности!*

Во вашето училиште, сигурно имате забележано дека на влезот е закачен документ наречен Куќен ред. Правила на однесување ќе најдете и во сите други јавни објекти: згради, здравствени центри, музеи, кина, театри, хотели. На пример, правилата на Куќниот ред во зграда даваат насоки за заедничкиот живот. Тие правила постојат за да бидат безбедни сите станари во зградата. Куќните правила одредуваат како треба да се однесуваме кон другите станари и во самата зграда. Понекогаш, некои станари не ги исполнуваат договорените правила. Ако вашиот сосед слуша музика доцна во ноќта, нема да можете да спиете. Кое право ви го прекршува? Дали соседот е одговорен кон другите?

Постојат ли и правила наречени општествени правила или општествени норми? Тие правила пропишуваат прифатливо однесување. Неисполнувањето на правилата предвидуваат казни.

*Секое право подразбира исполнување на некоја должност/одговорност.*

*Прочитајте, размислете и разговарајте!*

1. Кои се добрите, а кои лошите страни при чување на миленичиња ?
2. Кои се одговорностите на сопственикот?
3. Какви се правата и одговорностите на сите членови на семејството?
4. Ако имате домашно милениче, споделете ги своите искуства со соучениците.

- Посетете здружение за заштита на домашни миленици или придружете се на нивната акција.
- Истражете ги начините на кои животните им помагаат на болните или инвалидизираните.
- Со помош на наставникот, направете летоци за заштита на животните.
- Направете фотогалерија од вашите миленици заедно со соучениците.
- Истражете ги различните можности за нега на домашни миленици. По што се слични, и по што се разликуваат?



*Од најмала возраст треба да негуваме љубов и грижа за своето милениче*

Во Европа е основана Европска мрежа на народни правобранители за деца.



*Дете во улога на правобранител на децата*



*Дете жртва на насилство, чие право на најдобар интерес е нарушено*



*Креирање на играчки и куќички за кукли, креативноста на дете со потешкотии*

## ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ДЕЦАТА

Родителите (старателите) имаат посебна улога во заштитата на правата на детето затоа што тие се првите кои се повикани да обезбедат заштита на правата на нивните деца преку соодветни процедури пред државните органи.

Државата е должна да ги подобрува механизмите за заштита на правата на детето. Државата е должна да донесе соодветни закони и правила со кои ќе ги штити децата.

Најважен орган во заштитата на правата на детето е Центарот за социјална работа, како главен орган за старателство. Судот, пак има улога да донесува одлуки за остварување за заштита на правата на детето.

Полицијата има улога во обезбедувањето на општа безбедност. Улогата на полицијата е клучна во спречувањето на насилство, или друг вид на кршење на правата на детето.

Јавното обвинителство треба да игра улога во заштитата на правата на детето кога станува збор за насилство и извршување кривични дела против децата.

Училиштето има обврска да обезбеди почитување на сите права на детето во рамките на воспитниот процес. Покрај државните органи и институции, невладините организации (здруженија на граѓани) играат значајна улога во заштитата на правата на децата преку нивните програми и проекти за заштита од насилство, експлоатација, трговија со деца и слично.

Народниот правобранител е орган кој постапува по поплаки на граѓани/деца и ги штити нивните права. Народниот правобранител зборува во нивно име и се обидува да ги подобри нивните животните услови.

## ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ

**Активност 1:**

Направете постер за промовирање на Конвенцијата за правата на детето и изложете го во училишниот хол.

Изберете 5 члена од Конвенцијата за правата на детето и определете кои одговорности произлегуваат од овие права.

**Активност 2:**

Разговарајте со своите врсници за нивните проблеми! Сите имаат право на образование и шанса да успеат ако сте со нив и им пружите поддршка. Државата обезбедува посебни установи кои се грижат за деца кои имаат здравствени проблеми или семејни проблеми. Ако во вашето место на живеење има таков дом за згрижување на деца, посетете го! Направете нешто добро, нека доброто дело започне од вас!

Доколку решите да се вклучите, дали со вашето учество исполнувате некоја граѓанска должност?

• Дизајнирајте своја порака, напишете песна или креирајте постер за прифаќање и почитување на разликите!



# СТЕРЕОТИПИ, ПРЕДРАСУДИ И ДИСКРИМИНАЦИЈА

Во некои земји, на девојчињата им се ускратува правото на образование.

Размислете зошто се случува тоа?

На што ни укажува таа појава?

Ако на некое лице му е загрозено некое право или слобода поради полот, тогаш зборуваме за родова дискриминација.



*Сузан. Б. Ентони е првата жена која се залага за правото на глас и укинување на ропството уште во 1872 г.*

*Таа за време на својот живот не дочекала да се признае правото на глас на жените, но затоа 19-тиот амандман од Уставот на Америка во 1920 г. е наречен по неа.*

## ДОСТОИНСТВО, ПРЕДРАСУДИ И ДИСКРИМИНАЦИЈА

Сите ние сакаме да бидеме прифатени и почитувани, ова е една од човечките потреби што ја нарекуваме достоинство.

Можеби има деца во вашето училиште или училница кои меѓусебно не се прифаќаат. Некои од нив стануваат тажни и се повлекуваат, некои се лути, па се караат или се обидуваат да ја докажат својата вредност на непожелни начини. Некои ученици не го забележуваат нивниот проблем, и продолжуваат да ги навредуваат, со зборови или однесување. Што можете да направите за да ја подобрите ваквата состојба? Можете да искажете почит кон другите со вашето внимание, љубезност, трпеливост во вашето семејство и училиште.

Сите луѓе заслужуваат и треба да бидат третирани со почит, без оглед на возраста, полот, расата, националноста, религијата, богатството. Несоодветното однесување како што се навредите, озборувањата,

физичкото насилство, уцените, заканите, исклучувањето од групата, оштетувањето на имот, го повредуваат нашето достоинство.

Секоја личност има право на достоинствен живот без разлика дали е млада или стара, болна или здрава, богата или сиромашна. Ова значи дека другите луѓе нè прифаќаат и нè почитуваат.

- Како знаеме дали нè почитуваат? Ова го заклучуваме врз основа на нивното однесување кон нас: дали се тие чесни, љубезни, лојални, внимателни, подготвени да помогнат, дали имаат доверба во нас, дали нè разбираат, дали се подготвени да постигнат договор.

При опишувањето на луѓето најчесто се водиме од нивниот физички изглед, облека, однесување или припадност на одредена група (одделение, спортски клуб, училиште, националност, верска заедница). За да биде полесно и побрзо нашето снаоѓање во светот околу нас, ние ги групираме другите луѓе во различни групи или категории. Врз основа на знаењето на еден член или помалку членови, овие групи ги нарекуваме со посебни имиња и им припишуваме слични карактеристики на сите членови. Така создаваме **стереотипи**. Кога донесуваме заклучоци за поединци врз основа на некои карактеристики што сме им ги доделиле, или на одредена група, иако навистина не ги знаеме, зборуваме за **предрасуди**.

*Предрасудите се негативни ставови кон одредени поединци, групи, народи, институции, кои не се засноваат на фактички и логички аргументи, отпорни се на промени и вклучуваат силни емоции.* Стереотипите и предрасудите влијаат на начинот како се однесуваме и како го прифаќаме однесувањето на луѓето околу нас. Бидете внимателни! Со нашите стереотипи и предрасуди за другите луѓе, може да им нанесеме голема неправда и да ги прекршиме нивните човекови права.

Негативните активности против едно лице или група се нарекуваат **дискриминација**.



*Елизабет Екфорд, жртва на расна дискриминација*



Ана Франк

*Родена во Франкфурт, нејзиното семејство се сели во Амстердам кога имала 4 години поради зголемениот антисемитизам во Германија. Кога нацистите ја окупирале Холандија, нејзиното семејство е депортирано во концентрационен логор. Неколку седмици пред крајот на војната, таа умира во логор во Германија. Нејзиниот дневник е објавен постхумно и претставува приказ на холокаустот и своевидно ремек-дело на светската литература. Милиони луѓе дознале за нејзиното страдање и повик за човечност.*

*Вие, како човечко суштество имате право на Ваше достоинство!*

*Прочитајте, размислете и разговарајте!*

Разговарајте со постари лица за достоинството и личноста што особено ја ценат и почитуваат. Вметнете белешки за тоа лице, фотографија и напис во весник за тоа лице.

*Дискриминација значи секое правење разлика, искористување или ограничување на луѓето врз основа на нивната припадност (пол/род, раса, нација, религија, сексуална ориентација и др.) со што се загрозува или оневозможува остварувањето или заштитата на нивните човекови права и слободи.*

Ти, како човечко суштество заслужуваш да бидеш ценет и почитуван од другите! Ти, како човечко суштество, не заборавај да се почитуваш себеси и другите!

## ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ

**Активност 1:**

„Фати" го стереотипот!

Гледајќи телевизија или следејќи некој друг медиум, „фати" некои стереотипи или предрасуди што си ги препознал или запомнил од медиумите. Може ли стереотипите и предрасудите да бидат опасност за некого?

**Активност 2:**

Набљудувај го однесувањето на учениците за време на училишните одмори. Обиди се да се здружиш со различните од тебе и потоа разговарај со твоите пријатели за следниве прашања:

• Дали некогаш си се сретнал/а со некаков вид стереотип или дискриминација заради одредена твоја особина?

• Наведете пример за тоа!? Што мислите за оние што лошо третираат некого само затоа што е различен од нив? Што им пречи? Како можете да одговорите кога ќе наидете на лице кое има стереотип или предрасуди за вас?

• Што ако скоро целото општество има предрасуди против група на луѓе или кон некој поединец?

## АКТИВНОСТИ ЗА КРИТИЧКО РАЗМИСЛУВАЊЕ И РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИ

### Активност 1:

- Да не се повтори и да не заборавиме!

Законот на Меган е име за федерален закон и неформално име за последователни државни закони, во САД. Законите беа создадени како одговор на убиството на Меган Канка, девојче жртва на насилство. Со овој закон за регистрирање на кривични дела против деца и сексуално насилни прекршители од 1994 година, се бараше сексуалните престапници да се регистрираат и јавно да се објават.

- Размисли: Дали овој закон ја унапредува заштитата на детските права? Зошто е важно да не се сокрива кршењето на правата на детето?
- Запознајте се со некои членови од Конвенцијата за правата на детето!

### Активност 2:

**Проектна активност**

- Организирајте ден на проектот под мото: *„За сите деца да биде сонце“*, така што другите ученици ќе се запознаат со проблемите на ранливите групи деца.
- Пишувајте за да им помогнете на ранливите групи деца!
- Подгответе се за заедничка претстава со помош на наставниците, за да им помогнете на ранливите групи деца!

### Активност 3:

Некои прашања за дискусија со учениците:

1. Низ призмата на детските права, што е тоа што ја прави државата добра? Како се однесуваат луѓето во таква држава?
2. Наведете ги оние што сметате дека лошо постапуваат и ги кршат правата на децата!
3. Што можеме да сториме за да ја направиме заедницата во којашто живееме подобра за сите нас?

## ПРАШАЊА ОД ТЕМАТА:

- Што се подразбира под поимот граѓанин?
- Кои се вредностите на демократијата?
- Како можат граѓаните да влијааат/учествуваат во демократското општество?
- Што е младинско учество?
- Зошто настанале човековите права и што претставуваат тие?
- Кои права се заштитуваат со првата генерација на човекови права?
- Во која група на права спаѓа правото на образование?
- Зошто третата генерација на човекови права се наречени „зелени права"?
- Кој е меѓународен ден за правата на детето?
- Кои се причини за создавање на Универзалната декларација?
- Какви промени во однос на човековите права се случуваат во француската Декларација за правата на човекот и граѓанинот?
- Како се создаваат стереотипите?
- Какви форми на мислење се стереотипите и предрасудите?
- Како ќе реагираш доколку си сведок на дискриминација во твоето опкружување?
- Кој е најодговорен за заштита на правата на децата?
- Дали децата имаат одговорности во заедницата?
- Каква одговорност има државата во однос на правата на децата?
- Каде можат да се обратат децата за заштита на нивните права?

## ПОИМИ

**Вредност** – тоа што е значајно, пожелно, вредно;

**Декларација** - е документ кој содржи договорен стандард или норма;

**Конвенција** - спогодба помеѓу две страни со кои се регулирааат нивните меѓусебни правни, политички и економски односи;

**Права** – тоа што на човекот му е наменето или дозволено, слободите кои му се загарантирани;

**Одговорности** - обврска за совесно и добро извршување на применатa должност;

**Народен правобранител** - лице чија функција е да ги брани правата на граѓанинот наспроти јавната власт;

**Специфични права на децата** - права со кои се заштитуваат правата на детето;

**Стереотипи** - погрешни сфаќања што опстојуваат наспроти податоците и фактите;

**Предрасуди** - негативни мислења и ставови проследени со чувства кои не се засновани на факти;

**Дискриминација** - секое правење на разлика или ограничување и одземање на правата на луѓето, заради нивни идентитетски карактеристики.

# РЕЛИГИЈАТА, УМЕТНОСТА И МЕДИУМИТЕ ВО ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

- РЕЛИГИЈАТА ВО ОПШТЕСТВОТО
- УМЕТНОСТА ВО ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВОТО
- УЛОГАТА НА МЕДИУМИТЕ ВО ДЕМОКРАТСКОТО ОПШТЕСТВО



## ПРЕГЛЕД НА ТЕМАТА

По завршувањето на оваа тема ќе се оспособиш да:

- комуницираш со припадниците на различните религии и да демонстрираш примери за прифаќање на некој кој е припадник на друга религија;
- учествуваш во дебати поврзани со улогата на религијата во современите општества;
- препознаваш шунд, кич во конкретни уметнички дела;
- ја презентираш улогата на уметноста во граѓанското општество;
- го истражуваш односот на граѓаните кон уметноста во граѓанското општество преку изработка на проект;
- ја препознаваш улогата на медиумите во креирање на јавното мислење низ конкретни примери;
- анализираш можности за примена на современите медиуми во својата средина во насока на унапредување на граѓанските вредности.

# TEMA 4





# РЕЛИГИЈАТА ВО ОПШТЕСТВОТО

*Проучувајќи ја Универзалната Декларација за човекови права, видовме дека постои член кој го гарантира правото на слобода на вероисповед.*

- Како би го објасниле правото на слобода на вероисповед?
- *Зошто е тоа важно?*
- *Дали луѓето можат понекогаш да манифестираат непочитување на другите религии?*

## ПОЧЕТОЦИ НА РЕЛИГИОЗНИТЕ ВЕРУВАЊА

Човекот отсекогаш сакал да си ги објасни појавите во светот што го опкружуваат. Сакал да ја дознае тајната за настанокот на животот. Овие прашања, стари колку и првиот човек на земјата, во почетокот, го натерале човекот причините да ги побара во нешто *натприродно*. Човекот не престанал да се прашува од каде доаѓа и каде оди. Во таа потрага по одговор, што ќе му ја открие или објасни смислата на неговото постоење, тој ги создал религиозните идеи, верувања и учења кои опстојуваат во светот уште од предисториското време.

Со развојот на општеството настанале *политеистичките* и *монотеистичките религии*. Политеистичките религии се оние во кои луѓето веруваат во повеќе богови. Монотеистичките религии се оние во кои луѓето веруваат само во еден Бог. Некои луѓе пак не веруваат во постоењето на Бог или Божества. Тие се викаат **атеисти**. Луѓето, пак, кои сметаат дека постоењето на Бог или Божествата не може да се потврди или одрече се нарекуваат **агностици.**

Религијата зазема значајно место во културата на модерниот и современиот човек.

**Секој има право да избере да верува, да биде религиозен или не.**



*Ликот на Архангел Гаврил, црква Св. Ѓорѓи - Курбиново*



*Мустафа-пашина џамија, Скопје*

*Дали знаете колку религиски заедници има во РСМ? Дали некогаш сте упатиле честитки за некој верски празник на некого кој припаѓа на различна религија од твојата?*

*Денес во светот постојат многу религии од кои најбројни се: христијанството, исламот, јудаизмот, хиндуизмот и будизмот.*

## РЕЛИГИЈАТА ВО ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

Дали слободата на вероисповед значи и почитување на другите религии?

Сите современи општества се мултикултурни и мултирелигиски. Разбирањето на верските права на другите е клучен елемент на толеранцијата. Во Република Северна Македонија живее население со разновидна религиозна припадност, но има и население кое воопшто не припаѓа на ниту една **религија.** Таквата разновидност може да ги направи нашите животи поинтересни, сè додека можеме да најдеме начини да ги цениме нашите разлики и да се дружиме едни со други. Запознавањето и прифаќањето на религиозните разликите на луѓето е чин да создадеме пријатен и мирен свет.

Таа разновидност е присутна и во многу од училниците во нашата државата, каде што учениците со различна верска припадност и верувања учат заедно, соработуваат истовремено почитувајќи ги верувањата на другите. Додека имаат различни верувања, обичаи и празници, тие сепак другаруваат.



*На сликата се прикажани членови на христијанската заедница како го прославуваат празникот Велигден*



*Шарената џамија во Тетово*

*Секоја верска заедница има право да има свој молитвен дом*

*На пример, додека христијанската заедница го слави Божиќ, исламската го слави Бајрам, еврејската Ханука, а членовите на друга религија други празници. Секоја од нив може слободно да ја практикува својата религија и обичаи.*

Во Уставот на Република Северна Македонија, стои членот 19 кој гласи: „Се гарантира слободно и јавно, поединечно или во заедница со други, изразување на сопствената вера. Слободата на вероисповед ја поддржува слободата на секој јавно или приватно, да ја практикува религијата или верувањето кое го сака, а исто така, и слобода да ја промени својата вера или своето верување."

Зборот „религија”- произлегува од латинскиот збор religare, што значи „да се поврзе”.



*Истражете каде се наоѓала старата синагога „Бет Јаков" во Скопје*

Македонија треба да се гордее што е едно мулти-религиско општество, кое отсекогаш ги почитувало правата на сите религиозни заедници, односно правото на секој човек да ја изрази својата религија.

*Прочитајте, размислете и разговарајте!*

Јана Иванова, 13 години, е етничка Македонка и учи во едно основно училиште во Скопје. Теута Зика, 13 години, е етничка Албанка и учи во истото училиште. Тие се запознале и станале другарки на една заедничка ликовна работилница во 2012 година. Продолжиле да другаруваат и меѓусебно да се посетуваат.

„Отпрвин не бев особено заинтересирана да запознаам нови луѓе. Но, сега ми е многу мило што нѐ споија за ликовната работилница. Тоа беше пред шест години. Оттогаш сме неразделни другарки. Многу научивме една за друга: за нашите обичаи на верските празници, за сличностите помеѓу христијанската и муслиманска религија" - рече Јана.

- Што можеме да дознаеме од примерот?
- Дали вакви активности се спроведуваат во вашето училиште?
- Кои се придобивките од ваквите активности? Предложете ваша активност за меѓурелигиска соработка.

*Соживотот на луѓето е можен само тогаш ако другиот го уважуваме, ако го сметаме за рамноправен на себе и ако промовираме еднаквост, правда и мир помеѓу луѓето од различна религија. Тоа се темелни вредности за мирен и праведен живот во светот. Едно од основните барања на нашето време е почитувањето на човековите права во кои е вклучено и правото на слобода на вероисповед.*

Во нашата држава, покрај Македонската православна црква, тука се: Исламската верска заедница, Римокатоличката црква, како и Еврејската заедница и Евангелско-методистичката црква. Тие се одвоени од државата и се еднакви пред законот. Нашата државата е секуларна - религијата е одвоена од неа. Тоа значи дека државата нема право да се меша во црковните работи, ниту пак црквата да се меша во државните работи. Запознавањето на различните религии ги намалува стереотипите, предрасудите и отвара можност за меѓусебна доверба. Граѓанското општество има одговорност да им овозможи на неговите членови да ги практикуваат своите верувања. Тоа на сите им гарантира исти права и слободи, независно од верата/религијата која ја избрале. Граѓаните на Република Северна Македонија, според Уставот, слободно можат да ги изразат своите уверувања.

## ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ

**Активност 1:** Направете постер!

- Изберете религиска заедница од вашето опкружување и направете постер. Постерот треба да содржи интересни факти за религијата што сте ја избрале, свечености, обичаи, ритуали, облека, места за богослужба и слично.

  Разговарајте меѓусебно за своите верски убедувања.

  Колку ја познавате религијата која ја претставувате?

  Кои се сличностите и разликите помеѓу религиите кои ги претставувавте?

**Активност 2:**

Размисли и обиди се да објасниш зошто е потребно да постои разбирање и добра комуникација помеѓу припадниците на различни религии!?

- Што мислиш за општеството во кое живееш? Дали тоа што е мултирелигиско го прави побогато? Дали во него се води меѓурелигиски дијалог?

- Одржи говор од 2 мин пред своите соученици во вашата училница на тема: „Различните верувања-големо богатство"

**Активност 3:**

- Посетете:

Црква, џамија или синагога. Напишете краток состав.



„Тамбурица"- мурал на ѕидот на ДСУЦ „Илија Николовски -Луј"

# УМЕТНОСТА ВО ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

Постојат различни пристапи кон уметноста како дел од културата која се пренесува од генерација на генерација.

*„Графитите беа најубавите работи што ги видов."*
Кит Харинг

*„Уметникот е гласник на општество во која било дадена точка во историјата. Тој е медиум помеѓу „што е" и „што може да биде".*
Кит Харинг

## ШТО Е УМЕТНОСТ?

Човекот, уште од најстари времиња, освен да ги задоволи своите основни животни потреби имал потреба и од естетика, убавина. Орудијата што ги правел на почетокот биле едноставни и ја имале само нивната основна функција – да му помогнат при ловот, обработката на земјата итн. Со текот на времето, тој почнал да ги украсува со разни додатоци кои имале *естетска функција*. Човекот сакал неговото орудие освен што ќе му служи во работата, да биде и убаво. Имало и други начини на кои се изразувала таа потреба за убавина. Еден од тие начини е цртањето во пештерите кое било дел од ритуалите на првобитниот човек. На тоа ни укажуваат познатите цртежи кои се пронајдени во пештерата Алтамира во Шпанија и се стари повеќе од 36 000 години.



*Праисториска слика во Алтамира, Шпанија*



*Скулптура, Боро Митриќески*

**Уметноста** е насекаде околу нас. Ние сме опкружени со различни форми на уметност каде и да одиме. Тоа може да биде некаква скулптура, слика, цртеж, архитектура, музика, литература, театар, филм и танц. Убавите и украсени крпи и облека се исто така вид на уметност, како и интересните светилки во аглите на твојата соба. Основна дефиниција за уметноста е дека поимот уметност се однесува на сите креативни и творечки дејствија на човекот.

Анализирајте го примерот

Двајца пријатели во музејот за уметност се расправаат, додека гледаат една слика. Едниот од нив вели: „Тоа не е уметност!" Неговиот пријател е разочаран и вели, па дури и извикува: „О, да, тоа е уметност!". Слично несогласување имаа и додека слушаа музика во автомобилот. Едниот вели: „Сега, ова е вистинска уметничка форма!" Другиот не може да поверува и се прашува: „Дали е можно мојот пријател да има таков вкус?" Постојат различни вкусови и различни толкувања. Тогаш, кој одредува што се смета за уметност во нашето општество или во други култури?

Секој граѓанин треба да знае дека личниот избор, вкус и стил на изразување во уметноста се дел од заедничкото живеење и меѓукултурната размена. На тој начин градиме разбирање за различностите.

## КАКВА Е УЛОГАТА НА УМЕТНОСТА ВО ОПШТЕСТВОТО?

Секој граѓанин има право на избор да следи разновидна филмска уметност, музичка уметност, традиционален настан и/или други форми на уметност. Општеството треба да им овозможи на граѓаните да ја реализираат својат културна потреба, да творат на мајчин јазик, да креираат различни видови на уметност. Кога таа потреба се признава, тогаш граѓаните ги остваруваат своите културни права. Секој треба да има можност да следи концерти, изложби, театарски претстави, итн. Културните и уметничките слободи се вградени и во Универзалната декларација за човекови права. Членот 27 од Универзалната декларација на човекови права вели: „Секој има право слободно да учествува во културниот живот на заедницата, да ужива во уметноста и да учествува во научниот напредок и неговите придобивки".

Улогата на уметноста во животот на човекот е голема и тоа можеме да го видиме секојдневно. Со посета на музеи, со читање книги, итн, може подобро да ги запознаеме различните култури.



*Албанскиот сликар Омер Калеши ја доби наградата „Мајка Тереза" за 2018 година.*

*Наградата за човековата солидарност и за поттикнување, унапредување на меѓусебното разбирање и соработката меѓу припадниците на различните заедници, култури и вери.*



*Горан Стефановски - македонски драматург кој со своите драми даде посебно светло на македонската и светската драматургија*

*Придонесот на уметноста и нејзиното значење во граѓанското општество е големо. Културата и уметноста се основно средство со кое сите луѓе го објаснуваат своето искуство, го обликуваат својот идентитет и ја замислуваат иднината. Уметноста може да послужи како средство за преземање акција пред лицето на неправдата.*



*Комедијата „Смешните кокети“ на Молиер ги исмејува недостатоците на тогашното општество. Ги исмејува обичаите и салонски живот, на кој му недостасувала природност, и кој во основа бил лага и лицемерие*



*Со трагедијата „Хамлет“, Шекспир ги одразува негативностите во општеството, лицемерието и желбата за власт*

Уметноста:

- се обидува да им се овозможи на луѓето да сфатат дека убавото постои;
- ги изразува вредностите, значајни за луѓето и општеството (на пример, уметноста може да се искористи за зајакнување на вредностите, па дури и да ги обедини луѓето);
- ги поттикнува луѓето на размислување и нуди нови визии (на пример, мислата поттикнува уметничко дело, а уметничкото дело може да поттикне акција).

## МОЖЕ ЛИ УМЕТНОСТА ДА ГО ПРОМЕНИ ОПШТЕСТВОТО?

*„Никој не мора да чека ниту еден момент за да започне да работи за да го подобри светот. “*
Ана Франк

Сите форми на уметност: драма, музика, визуелна уметност, поезија, филм, фотографија и танц - ги поттикнуваат врските меѓу луѓето. Овие форми на изразување често се користат за промовирање на општествените промени и застанување на страна и во одбрана на човековите права. Уметноста ги надминува границите на државите, политиката, религијата и јазикот. Тоа нè прави да се чувствуваме човечно и нè поттикнува да ги заштитиме човековите права или да го искажеме нашето незадоволство. Користејќи го театарот, музиката, танцот и пишувањето, можеме да дадеме придонес за многу прашања, за човековите права, во светот, во нашата земја, па дури и во нашето училиште.

Пример

Во организација на Здружението на граѓани за промоција и развој на регионите „Свет на различни, а еднакви“, во Драмски театар-Скопје, се одржа драмскиот фестивал „Игри без маски“, театар без дискриминација. Претставите ги играа аматерски актерски групи од земјава и странство, чии актери беа и лица со попреченост.

Овие активности имаа за цел да ја зголемат инклузијата на лицата со попреченост со други лица во културни активности, тие да ја имаат можноста полесно и активно да се вклучат во општеството и заедницата, да им се отворат портите за креативно изразување, да се негува нивниот потенцијал и да се унапреди нивниот квалитет на живот.

*Луѓето што биле транспортирани како робови во Америка биле принудени да ги потиснат своите културни традиции. И покрај ова, песната и пеењето се развиле како средство за отпор; блузот и џезот помогнале да се обликува афроамериканскиот идентитет. Денес, многу африкански музичари користат рап и хип-хоп како израз на протест и социјална совест.*

**Уметноста со порака може да биде моќна алатка против неправди. Таа е ефикасен метод за пренесување на мислења.**

## КИЧ И ШУНД

Колку пати сме слушнале:„Каков е овој кич? Ова е без никаков вкус!“

**Кичот** е комерцијална замена за вистинските културни и уметнички вредности, како и одреден начин на живот на луѓето. Тој е лошо изведена уметничка замисла, најчесто фалсификат на оригиналот кој се вреднува како уметничко дело. **Шундот** пак е врзан за литературата и напишаниот збор воопшто. На пример, за шунд-литература се смета некоја книга без литературна вредност, а за кич-уметност се смета дело кое нема уметничка вредност.

Терминот кич потекнува од Минхен од 1870 година и за прв пат бил поврзан со продажбата на уметнички слики што биле бргу изработени.

Шунд буквално значи: безвредно дело, отпадок.

## ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ

**Активност 1:**

- Изработете најразлични предмети или создадете какво било уметничко дело кое ќе биде поврзано со човековите права. Потоа организирајте изложба во училишниот хол или во вашата училница со која ќе пратите порака за унапредување на човековите права. Поканете ги сите наставници да ја посетат изложбата. Доколку имате време, зборувајте за тоа што ви се допаднало во нечиј цртеж, предмет, слика или за емоција која ја предизвикал.

**Активност 2:**

- Пронајдете две слики. Едната нека биде слика што ќе ја наречете уметност, а другата што не би ја нарекле уметност.




# МЕДИУМИТЕ ВО ДЕМОКРАТСКОТО ОПШТЕСТВО

*Да читаме и да пишуваме, да ги анализираме и да ги проценуваме медиумските информации кои ги примаме секојдневно и да не дозволиме да бидеме изманипулирани.*

*„Човекот што не чита, нема никаква предност пред оној којшто не знае да чита”*
Марк Твен

## ШТО СЕ МЕДИУМИ?

**Медиумот** е посредник или средство, канал преку кој циркулираат информации. Поимот медиуми опфаќа голем број на современи средства за комуникација, како што се: телевизија, кино, филм, радио, фотографии, весници, списанија, интернет, радио, итн. Овие медиуми се нарекуваат *масовни* бидејќи овозможуваат комуникација помеѓу големата публика и се достапни до поголемиот дел од јавноста. Тие се јавно добро и нивната улога е да го штитат јавниот интерес.


Медиум
„Траш таг“ манија ги фати средношколците во Македонија

*Средношколскиот весник „Медиум“, е платформа наменета за сите ученици од средните училишта во Македонија на која тие може да создаваат своја содржина, да пишуваат новинарски стории и критички да размислуваат*

„ Мора да се подготвиме за живеење во свет на моќни слики, зборови и звуци “
УНЕСКО, 1982 година

## ДЕНЕС МЕДИУМИТЕ СЕ ОСНОВЕН ИЗВОР НА ИНФОРМАЦИИ

Замислете како би ни изгледал животот без сите овие медиуми кои постојано ни праќаат различни информации од различни области од животот.

Медиумите им овозможуваат на луѓето да дојдат до информации, да разменат мислења, да дознаат за тоа што се случува во земјата и светот. Преку различни медиуми примаме и праќаме илјадници информации и пораки дневно. Масовните средства за информирање секојдневно ни нудат голем број вести и информации. Тоа може да бидат вести со општествени, политички содржини, културни, спортски, за познатите личности од јавниот живот и многу други занимливости.



*Различни медиуми користат различен јазик преку кои ја пренесуваат пораката: текст, звук, слика или мултимедијален пристап преку Интернет*

*Прочитајте, размислете и разговарајте!*

Избери медиум и направи проценка колку статии се однесуваат на информирање, колку на некој вид на образование или учења и колку статии се од забавен карактер.

На основа на што ги селектираше информациите? Што сакал новинарот да постигне со таквата информација? Дали веруваш во сите информации... ако да, зошто; ако не, зошто?

## МЕДИУМИТЕ ВЛИЈААТ ВРЗ СЕКОЈДНЕВНИОТ ЖИВОТ НА СОВРЕМЕНИОТ ЧОВЕК

Медиумите влијаат врз формирањето на јавното мислење за различни појави, но и врз нашите постапки, на пример, почнувајќи од политичкото определување, по слушањето некоја политичка дебата, па се до изборот на некоја книга, писател, филм или начин на облекување или каква облека ќе носиме по слушањето на временска прогноза.

Тие им овозможуваат на граѓаните да ги сфатат проблемите на заедничкото живеење, но и ги подготвуваат за прифаќање на новите вредности.



*Медиумите влијаат во формирањето на јавното мислење и градењето ставови за општествените вредности*

## УЛОГАТА НА МЕДИУМИТЕ ВО ДЕМОКРАТСКОТО ОПШТЕСТВО

Без точни и проверени информации не може да носиме информирани одлуки за нас и нашите најблиски.

Информираните граѓани се често и предуслов за нормално функционирање на демократските процеси.

Главната цел на медиумите во граѓанското општество е да:

- го промовираат правото на граѓаните;
- ја информираат јавноста за работата на органите на власта;
- поттикнуваат разноликост на мислења;
- поттикнуваат јавна дебата и граѓанско учество во општеството;
- се залагаат за слобода на изразувањето и слобода на говорот;
- ги промовираат демократските вредности.

Со сето тоа треба да поттикнат култура на критичко размислување и конкретно дејствување, на пример, препознавање на коруптивно однесување и спротивставување кон истото. Тие, истовремено влијаат врз формирањето на јавното мислење и градењето ставови за општествените вредности. Без слобода на медиумите не може да зборуваме за демократски процеси.



*Власта треба да работи јавно. Граѓаните имаат право да видат како работи власта.*

*Автор на фотографијата: Александра Костадиновска*



*Младинска емисија „Крик“*

Медиумите треба да овозможат пристап на младите во креирање на содржини.

Медиумите се чувар на демократијата и критичар на власта. Медиумите, исто така, носат одговорност за информациите.

*Прочитајте, размислете и разговарајте!*

Американската организација „Истражувачки репортери и уредници“ го дефинира истражувачкото новинарство како известување коешто открива нови факти, особено она што се крие, или, пак, се чува како тајна. Лондонскиот Центар, пак, за истражувачко новинарство истакнува дека истражувачкото новинарство е морална и етичка цел и обврска на новинарите да ја откријат и да ја документираат вистината.

- Каква е улогата на истражувачкото новинарство во граѓанското општество?
- Дали истражувачкото новинарство може да помогне во борбата со корупцијата?

Обединетите нации во своите милениумски цели за еднаквост, ја посочуваат корупцијата како главен извор на нееднаквост. Нееднаквоста носи војни, болести, насилство, немири, ги минира демократските процеси.

Истражувањето на информации треба да го подобри животот на граѓаните и да ја поттикнува одговорноста на оние кои имаат политичка моќ.

Соодветното информирање за јавните работи е предуслов за ефикасно учество во јавниот живот. Тоа им овозможува на граѓаните поцелосно учество во јавниот живот на општеството.

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА МЕДИУМИТЕ ВО ДЕМОКРАТСКОТО ОПШТЕСТВО



Медиумите се должни да нè информираат непристрасно и професионално. Не постојат вистински демократски општества без *слободни, независни, транспарентни и објективни* медиуми.

**Слободата** произлегува од правото на граѓаните слободно да мислат и слободно да го изразуваат своето мислење. За да можат новинарите да известуваат, треба да им бидат достапни изворите на информации. Извори можат да бидат учесниците на настанот, но и органите на власта. Бидејќи оние кои се на власт сакаат да ги добијат и наредните избори, настојуваат од настанот да ги истакнат само позитивните страни. Затоа, слободоумните новинари не се задоволуваат со она што е јавно кажано, туку настојуваат настанот целосно да го истражат. Освен *слободата на изразувањето,* значаен е и *слободниот пристап* до информации.

Важно е да се разбере дека слободата на изразувањето не е апсолутно право, туку како и сите други човекови права, е ограничено со некршење на правата и достоинството на другите луѓе. „Правото на говор, не е право на говор на омраза“.

*Со уживањето на правото на слободата на изразувањето се јакне: вистината, правдата, јавниот интерес, човечкото достоинство и економскиот развој*

**Независноста,** пак, се состои во тоа да не ја креираат веста под влијание на носителите на моќта во државата (од власта, политичките партии, економските, религиозните институции и др.) Честопати, тие, за да ги остварат своите интереси, настојуваат да ги контролираат медиумите. На пример, самите новинари, нивните уредници, главниот уредник, а во крајна мера и сопственикот знае, под нечие влијание, да се замеша во политиката на медиумот и да се определи чии „интереси“ ќе застапува. Доколку во една држава медиумите се во сопственост на еден или мал број субјекти (држава,

политички партии, приватни компании и сл.) кои го контролираат протокот на информациите, тогаш граѓаните добиваат несоодветна и нејасна слика за настаните.

**Транспарентноста** се состои во тоа, граѓаните да бидат информирани за сè што се случува во политичкиот живот бидејќи во демократското општество тие се носители на државниот суверинитет. Исто така многу важно е да се знае кој стои зад објавената вест. Медиумите треба да бидат и **објективни**, реални и прецизни во пренесувањето на информациите.



*Пред да ја прифатиме или поверуваме во објавената вест, важно е да се научиме како да ја препознаеме нејзината реална вредност, односно вистинитост*

## МЕДИУМИТЕ КАКО ИЗВОР НА ИНФОРМАЦИИ И ДЕЗИНФОРМАЦИИ

Медиумите се извор на информација, но можат да бидат и извор на дезинформација и манипулација. Исто така, многу често има многу информации, па тешко е да се направи селекција на оние кои се наш приоритет ( „од шумата не се гледа дрвото”).

### ЛАЖНИТЕ ВЕСТИ ДАТИРААТ ОД СТАРИОТ ЕГИПЕТ

Во 13 век пр.н.е., египетскиот фараон Рамзес II Велики ширел пропаганда и лаги за познатата битката со Хетејците кај Кадеш. Во две негови поеми, тој тврдел дека ги победил Хетејците, иако археолошките остатоци говорат сосема спротивно. Затоа, Рамзес II Велики е познат како автентичен крал на спинот.




*Како влијаат рекламите на тебе?*

Во денешно време, медиумите играат важна улога во воспитувањето и образованието на корисниците. Но, медиумите може да ни дадат низа негативни примери. Често пати се објавуваат лажни вести, се настојува да се привлече внимание и да се зголеми продажбата или гледаноста на тој медиум, се премолчуваат важни делови од информацијата за случувањата и сл. Поимот „дезинформација” означува неточно информирање (содржи невистинити податоци, настани или изјави), што се пренесува како вистина со цел да привлече поголемо внимание во јавноста, заради одредена скриена агенда. При лажното информирање најчесто

**демант**-изјава со која се негира вистинитоста или се врши исправка на некоја вест или некое тврдење.

**факт**-неоспорен вистинит податок или настан.

се користат различни техники за манипулација со информации како: шпекулација, спинување, сатирична вест, измислено интервју.

Секојдневно примаме голем број информации од многу извори. Но, треба да бидеме свесни дека сите медиуми споделуваат нешто што е создадено од некого со некаква причина. Разбирањето на таа причина е основа за медиумска писменост.

Медиумската писменост е способност за критичко и аналитичко восприемање на информациите. Тоа значи дека граѓаните не се пасивни примачи на информациите од медиумите. Медиумски писмени граѓани значат будна и критичка јавност, односно активни чинители во општествените процеси.

**Како да препознаеме лажна вест од интернет:**

- проверете го датумот на објавата;
- ако нешто е објавено денес, не значи дека е нова вест;
- размислете за изворот;
- добро проучете ја страницата, истражете ја нејзината цел и податоци во контакти;
- доколку е премногу необично и чудно, можеби е шега;
- истражете ја страницата и авторот за да бидете сигурни;
- проверете кој е авторот;
- дали може да му се верува или не;
- дали е реална личност;
- прашајте професионалец, стручно лице;
- земете предвид дека вашите ставови можат да влијаат на пресудата.



## ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ

**Активност 1:**

- Дискусија на тема: „Како медиумското претставување може да влијае во креирањето на јавното мислење?“

**Активност 2:**

Еден весник објавил дека во повеќе училишта се појавила заразна болест. Оваа информација предизвика голема паника помеѓу населението. Тоа го објави на првата страница од весникот. Но, утредента ја демантираше истата вест на последната страница од весникот. Демантот беше напишан со ситни букви.

Процени дали се работи за информација или дезинформација?

Која техника ја употреби овој весник?

Што предизвика со оваа вест?

Каква цел има оној што ја објавил оваа вест?

Дали распоредот на информациите има улога во медиумската комуникација?

Дајте ваши примери за веродостојноста на информациите!

## АКТИВНОСТИ ЗА КРИТИЧКО РАЗМИСЛУВАЊЕ И РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИ

### Активност 1:

- Замисли дека треба да дадеш предлог за дизајнирање на мурал што ќе обрне внимание и ќе ја едуцира твојата заедница за некоја неправда.

Напиши краток предлог во кој го објаснуваш дизајнот на твојот мурал, вклучувајќи опис на луѓе или групи, обележја или други предмети и текст што планираш да го вклучиш.

Зошто твојот мурал може да послужи како алатка за едукација на членовите на заедницата и да предизвика важни разговори.

### Активност 2:



*Што мислите за алатките со кои се служат медиумите?*

- Гледајќи ја фотографијата смислете наслов и приказна за весник.

Од аспект на:

- сериозен печат – кога смислената вест треба да биде во корист на мајмунот;
- жолт печат - кога смислената вест треба да биде во корист на змијата;
- сериозен печат - кога смислената вест треба да биде во корист на змијата;
- жолт печат - кога смислената вест треба да биде во корист на мајмунот;

По презентацијата дискутирајте. Дали сите дадовте ист наслов за иста слика? Дали имате иста содржина на текстот за истата слика? Зошто?

### Активност 3:

Изработете свој весник во кој ќе опфатите теми што ви се важни. Најважно е информациите да се точни, проверени и објективни – весниците не треба да пишуваат претпоставки или невистинити информации. Договорете различна задача: интервјуа, анкета, истражување, фотографирање или обработка на насловната страница или графичкиот изглед на страниците. Весникот може да се уреди електронски во едноставна апликација како Microsoft Word каде што постојат урнеци за вакви содржини, по што може да се испечати или да се објави на училишната веб-страница.

Содржини што може да ги направите се: училишна анкета (на пр. што сметате дека е добро или што треба да се смени во вашето училиште, кој наставник користи интересни методи на предавање и уживате на тие часови), интервју со ученик што остварил успех по некој предмет или натпревар, интервју со училишен психолог, текст за проблеми во училиштето.

## ПРАШАЊА ОД ТЕМАТА:

- Што е верска слобода?
- Каква е улогата на религијата во современото општество?
- Кои сличности ги имаат различните религии во Р.С.Македонија?
- Што значи поимот секуларна држава?
- Наведете примери на меѓурелигиска соработка.
- Дали правото на слобода на вероисповед е загарантирано со закон во нашата држава?
- Што е уметност? Каква е улогата на уметноста во општеството?
- Набројте настани или уметнички дела низ кои сте извршиле влијание преку уметноста? Каква порака испративте со еден од настаните во кои земавте учество?
- Какво влијание имаат уметничките дела врз вас?
- Што се медиуми? Какво е влијанието на медиумите во граѓанското општество?
- Кои медиуми најмногу ги пратите?
- Образложи зошто, државата треба да го гарантира правото на слобода на вероисповед?
- Какви содржини треба да креираат медиумите за да делуваат позитивно, но истовремено и да бидат примамливи за младите?
- Наведи содржини кои сметаш дека треба да се исфрлат од медиумите и зошто?

## ПОИМИ

**Религија** - вера, вероисповед;

**Верска заедница** - заедница на луѓе кои практикуваат иста религија;

**Уметност -** севкупност на духовни и материјални вредности на човештвото.

**Шунд** - отпадок (неквалитетен продукт), стока што не чини;

**Кич** - уметничко дело без вистинска уметничка вредност;

**Медиум** - средство за комуникација;

**Мас медиуми** - средство за масовно информирање: печат, радио, телевизија, интернет;

**Демант** - изјава со која се негира вистинитоста или се врши исправка на некоја вест или некое тврдење;

**Факт** - неоспорен, вистинит податок или настан.

# ГРАЃАНИНОТ И ДРЖАВАТА

- НАСТАНОКОТ НА ОПШТЕСТВОТО И ДРЖАВАТА
- ВЛАСТА ВО ФУНКЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ
- КАКО Е ОРГАНИЗИРАНА ВЛАСТА ВО НАШАТА ДРЖАВА

## ПРЕГЛЕД НА ТЕМАТА

По завршувањето на оваа тема  ќе се оспособиш да:

- ги дефинираш поимите држава и општество;
- ги препознаваш основни карактеристики на граѓанското општество;
- препознаваш различни видови државни уредувања;
- предлагаш конкретни активности како можеш да го унапредиш општеството;
- дискутираш за извори на моќта и начини на заштита на интересите на сите жители;
- реагираш на различни видови на злоупотреба на моќта;
- промовираш демократски начин на владеење преку легитимно избрана власт;
- го користиш  Уставот на РСМ за да ја анализираш поделбата на власта од аспект на ограничување на моќта;
- го поврзуваш дејствувањето на Народниот правобранител со функционирањето на институциите согласно Уставот и законите.




TEMA 5




# НАСТАНОКОТ НА ОПШТЕСТВОТО И ДРЖАВАТА

*Се поставува прашањето како луѓето од првобитните заедници успеале да дојдат до уредени општества? Како настанала државата каква што ја познаваме денес?*

*„Оној што сака да го поправи општеството, треба да почне од себеси.“*
- Арне Гарборг



Неопходна е меѓусебна соработка за да општеството функцинира, а и поединците да бидат задоволни и да ги остваруваат своите интереси.

Уште во минатото луѓето согледале дека меѓусебно се зависни. Воочиле дека кога постои соработка помеѓу нив, тие можат да си го олеснат секојдневието и да го обезбедат сопствениот опстанок и напредок. Затоа, започнале да се групираат во различни видови заедници, со што се создало општеството. Функционирањето во заедница на луѓето им овозможувало постепено да го зголемуваат своето влијание врз природата и да ги усовршуваат средствата за работа.

Аристотел (антички филозоф и учител на Александар Македонски), сметал дека човекот е општествено суштество или суштество на заедницата. Тој укажува дека здружувањето на луѓето е природна потреба на еден човек за друг човек. Сепак, поради различностите помеѓу нив, доаѓа до конфликти. Затоа, тие градат заеднички правила на дејствување засновани на заедничи интереси и уверувања.

Според тоа, **општеството** може да се определи како организирана група на луѓе кои заедно живеат, меѓусебно соработуваат и комуницираат врз основа на заеднички правила.

Познатиот англиски филозоф Томас Хобс, сметал дека во природната состојба (кога нема држава, власт, закони) општеството е хаотично и обележано со конфликти. Таа природна состојба Хобс ја нарекува „Војна на сите против сите“. Секој секого би можел да го убие, да повреди или да му наштети. Тоа непријателство, конфликт според него, прекинува со општествен договор. Со тој општествен договор луѓето го уредуваат општеството, односно создаваат држава. Според ова, можеме да кажеме дека државата настанува со цел да се создаде сигурен живот на граѓаните.

Државата воспоставува власт, поредок, организација и одбрана на една територија и на нејзините жители. Државата обезбедува почитување на поставените правила, а со тоа и безбедност и мир во општеството. За разлика од општеството, таа поседува институции што се засновани на јасни правила. Такви се: Собрание, Претседател, Влада, министерства, судови, училишта, универзитети, економски претпријатија и др.

***Државата*** е збир од институции што ги создаваат и спроведуваат правилата на определена територија, наменети за населението на таа територија.

## ВИДОВИ НА ДРЖАВНО УРЕДУВАЊЕ

Во зависност од тоа како се стекнува власта во општеството, власта може да биде демократска или недемократска. Според тоа, разликуваме демократски и недемократски држави. Доколку согласноста на оние што владеат им ја дал народот, тогаш станува збор за демократска држава. Демократијата е форма на власт во кој владее народот. Доколку е насилно присвоена, станува збор за недемократска форма на **државно уредување**.

Во современите демократии, граѓаните не управуваат директно, туку бираат свои претставници на непосредни избори и го пренесуваат правото на управување. Р.С. Македонија е претставничка демократија. Претставничка, затоа што граѓаните на Р.С. Македонија ја избираат власта на секои 4 години со избор на свои претставници во Парламентот (Собранието) и на секои 5 години избираат Претседател на државата.





*Живееме во држава која е демократска, затоа што власта се избира на демократски начин.*



*Томас Хобс, познат англиски филозоф*





*Слика на деца како гласаат*

*Како одлучувате во вашето одделение? Дали претседателот на класот го избирате на демократски начин?*

*Во Р.С. Македонија имаме претставничка демократија. Какво значење има изразот претставничка демократија?*

## НАЧИНИ НА ВЛИЈАНИЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ДЕМОКРАТСКОТО ОПШТЕСТВО



*Зошто гласањето треба да биде тајно во едно демократско општество?*

**Потсетете се!**

Во демократските општества граѓаните можат да се здружуваат во различни здруженија кои се независни од државните институции. Преку овие здруженија, граѓаните настојуваат да ги подобрат условите за живеење, да ги остварат своите работнички права, да ја заштитат животната средина, да ја зголемат cободата на јавно информирање, да ги заштитат интересите на семејството, на малцинствата, на децата, на жените итн. Сите овие здруженија го сочинуваат *граѓанското општество*. Граѓанското општество ја унапредува демократијата.

Исто така, граѓаните имаат право да штрајкуваат, протестираат за да го искажат своето незадоволство. Преку овие механизми, можат да влијаат врз власта да носи одлуки кои се во интерес на граѓаните. Други форми преку кои граѓаните можат да влијаат врз власта се **граѓанска иницијатива** и **референдум.** *Граѓанската иницијатива* подразбира граѓаните да можат да покренат предлог за донесување одредени одлуки или закон што се од интерес на заедницата. Таа може да биде на државно или локално ниво. Преку *референдумот* граѓаните се изјаснуваат за одредено прашање или донесување одредена одлука од посебно значење за државата или локалната заедница.




*Р.С.Македонија по пат на референдум стана независна држава*

Но, историјата ни дава низа форми на владеење што не се демократски. Во недемократските држави сите луѓе немаат еднакви права. Недемократските држави, на своите граѓани, не им обезбедуваат еднаквост, слобода, праведност и учество. Во овие држави, вообичаено, едно лице или мала група луѓе владее со останатите на самоволен начин.



Децата одлучуваат за екскурзија. Прво секој го изрази своето мислење и предложи место за екскурзијата:

- секој имаше право да гласа
- потоа следеше повторно гласање за избраните две можности.

*Прочитајте, размислете и разговарајте!*

Кралот Луј XIV (1643-1715) од Франција рекол: („Државата, тоа сум јас“).

Луј XIV станал крал на 23-годишна возраст, во согласност со оправдувањето карактеристично за тоа време дека Бог сакал така. На своите државни министри им дал до знаење дека има намера самостојно да донесува одлуки, порачувајќи им: „Ви наредувам да не потпишувате ништо“.

- Што мислите за ваквиот начин на владеење?
- Дали луѓето во ваква држава имаат права?
- За каков вид на државно уредување станува збор?
- Наведете во каква форма на државно уредување сакате да живеете. Образложете, зошто?



*Кралот Луј XIV (1643-1715)*

## ПРИМЕРИ ЗА ВИДОВИ НА ДРЖАВНО УРЕДУВАЊЕ КОИ НЕ СЕ ДЕМОКРАТСКИ

**Апсолутистичка монархија:** држава во која владее еден единствен крал, цар, султан, емир и др. Тој има апсолутна моќ (неограничена) моќ на владеење.

**Аристократија:** владеење на малцинството, за кое се верува дека е најдобро, помудро и пообразовано од останатите и затоа треба да ги застапува интересите на сите. Авторитетот бил заснован на заслугите, но подоцна станал наследен.

**Олигархија:** владеење на малцинството што им дава предност на сопствените интереси, а не на општото добро.

**Плутократија:** вид на олигархија, владеење на богатите.

**Авторитарна држава:** оние кои дошле на власт се замислуваат како единствено способни да донесуваат политички решенија. Обичниот народ треба само да им се покорува на оние што се на власт.

**Тоталитарна држава:** сите активности на луѓето се насочувани и контролирани од власта. Власта го управува поединецот.

Имало власти кои имале преголема моќ којашто ја злоупотребувале.
Ја ограничиле слободата на луѓето, малтретирале, па дури имаат извршено и масовни убиства. На некои места, денес, тоа сè уште се случува.

## ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ

### Активност 1:

Која е врската?

- √ живот
- √ слобода
- √ имот

- √ природна состојба
- √ војна

- √ влада
- √ општествен договор

Опишете како наведените зборови се поврзани едни со други, а потоа дадете ваши идеи за унапредување на општеството.

### Активност 2:

Напиши есеј на тема:

Активното учество на граѓанинот го прави движечка сила во општеството.



# ВЛАСТА ВО ФУНКЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ

- *Што би ни се случило доколку сме држава без власт? Како би се справиме со луѓето кои прават проблеми? Што би се случило доколку не ги извршуваме нашите задолженија?*

## ЗОШТО НИ Е ПОТРЕБНА ВЛАСТА?

Хобс бил еден од многуте научници кои се обиделе да дадат одговор на прашањето: „Зошто ни е потребна власт?" Со тоа укажал на потребата од власт. Како што видовме во претходната лекција, Хобс нема многу убава слика за животот без власт. Според него, таа природна состојба луѓето ги води во постојана војна затоа што нема закони.

Друг филозоф кој, исто така, се прашувал каков ќе биде животот ако нема власт, е Џон Лок. Како и Хобс, и тој верувал дека ова ќе доведе до состојба кога луѓето нема да имаат начин за да ги заштитат своите природни права. Тој верувал дека целта на власта е да им даде сигурност на луѓето и заштита. Според Лок, животот, слободата и сопственоста се природни права со кои луѓето се раѓаат, а власта треба да ги заштити природните права на луѓето.



*Зошто е потребно еден дел од власта да контролира друг дел?*



*Во граѓанското општество граѓаните имаат право да го искажат своето незадоволство*




*Дали полицијата ќе ви напише казна доколку возите по левата страна од коловозот? Кој ѝ го дозволува тоа?*



*„Легитимитет- верување во правото на владеење.“*
М. Вебер



*„Власта е легитимна само ако се заснова на „општа волја“ на масите.“*
Ж. Ж. Русо

## КАКО ТРЕБА ДА СЕ ОРГАНИЗИРА ВЛАСТА ЗА ДА СЕ ИЗБЕГНЕ ЗЛОУПОТРЕБАТА НА МОЌТА

Државата го користи правото како средство за управување на општествените процеси, но само во онаа мера во која ѝ дозволува правото.

Владеењето на правото во едно граѓанско општество значи дека законите се фер, тие се спроведуваат и никој не е над законот. Кога во една земја има владеење на правото, секој мора да го следи законот – и обичниот граѓанин и оние што се на власт. Граѓаните се чувствуваат сигурни бидејќи оние што се на власт не може да прават што сакаат и бидејќи постојат воспоставени закони и правила.

Власта ги донесува заедничките правила на однесување. Но, кој и го дал тоа право на власта?

На пример, Собранието на РСМ има право да носи закони бидејќи **Уставот** му го дава тоа право, а граѓаните се согласуваат да се управува според Уставот. Сите други акти во една држава треба да бидат усогласени со одредбите од овој акт;

*Устав - највисок правен акт во државата.*

Власта во едно демократско општество мора да се потпре на согласноста од народот. Преку тајно гласање, на непосредни и слободни избори, граѓаните овластуваат претставници за да ја водат државата. Ваквата власт, која е одобрена и избрана од народот е **легитимна власт**. Претставниците на народот треба да им служат на граѓаните:

- да донесуваат праведни закони кои ќе бидат за заедничко добро, а не за поединци или група луѓе;
- да гарантираат ред и безбедност во животот на луѓето;
- да ги заштитат правата и слободите на граѓаните;
- да осигураат еднакви права и слободи на граѓаните;
- да осигураат еднакви права и должности;
- да обезбедат безбедност за наше добро.

Предноста на ваквото владеење е тоа што граѓаните имаат повеќе слобода и живеат сигурен и достоинствен живот.

*Прочитајте, размислете и разговарајте!*

Собранието на Р. С. Македонија го донесе законот за управување со отпад.

Што мислиш дали овој закон е во интерес на заедничкото добро? Зошто?

Наведи примери кога заедничкото добро треба да се стави пред твојот личен интерес?

Во граѓанското општество оние кои се на власт треба да бидат заинтересирани за општото добро.

Потребно е да се знаат изворите на владеење, за да можеме да утврдиме дали тие што владеат имаат право да го прават тоа што го прават. Ако, на пример, знаеме дека во Уставот се дадени овластувања на Собранието, можеме да го разгледаме Уставот и да видиме дали тоа е во негова надлежност. Можеме да го поставиме и следново прашање: Кој е изворот на таа моќ? Во нашата земја, моќта на Уставот произлегува од согласноста на народот.

Мартин Лутер Кинг, Индира Ганди, Нелсон Мандела, се само мал дел од листата на влијателни луѓе во светот кои своето влијание го искористиле за да го променат текот на историјата во позитивен правец. Моќта треба да се употреби за поголемо добро, за нешто што е навистина важно и ќе придонесе за секој аспект од животот.

## ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ

**Активност 1:**

- Замисли како би изгледал денес животот во природната состојба?
  Како би изгледала атмосферата во вашата училница доколку нема правила?
  Напиши краток состав на тема: „Што може да се случи доколку наставникот нема право да каже некому што да прави“.

**Активност 2:**

Дискутирајте за изворите на овластувања во општеството.

Размислете за овластувањето на полицискиот службеник, кој пишува казна за прекумерна брзина. Нацртајте графикон во кој ќе го претставите крајниот извор на надлежноста на полицискиот службеник.



# КАКО Е ОРГАНИЗИРАНА ВЛАСТА ВО НАШАТА ДРЖАВА

*Луѓето кои ја претставуваат власта треба да бидат контролирани за да не можат да ја злоупотребат својата моќ.*

Луѓето кои се на власт често можат да ја злоупотребат својата положба и моќ. На пример, да бидат пристрасни кон своите пријатели или кон група луѓе. Полициските службеници може неправедно да не претресуваат свои пријатели или, судиите, можат неправедно да пресудат ако не ги земат доказите во предвид.

- Што е потребно да се одигра еден натпревар? Размислете за неопходните услови да се одигра еден натпревар. Дали е потребна поделба на улогите и одговорностите? Дали се потребни правила?

## ЗОШТО НИ Е ПОТРЕБНА ПОДЕЛБА НА ВЛАСТА?

Поделбата на власта е клучна карактеристика на демократијата. Историјата постојано покажува дека кога има неограничена моќ во рацете на еден човек или група на луѓе, другите се потиснати. Најдобар начин за спречување на моќта во државата е поделбата на власта. Поделбата на власта во демократијата е потребна за да се спречи злоупотребата на моќта, за да се заштитат правата на граѓаните и да се заштити слободата за сите граѓани. За да се заштитат правата на граѓаните, Уставот ги ограничува оние што се на власт. Секој дел од власта има свои посебни надлежности кои се подложни на одредени ограничувања. Моќта се дели и не е концентрирана на едно место за да може да се контролираат помеѓу себе. Затоа што тие што дошле на власт, често заборавааат за кого дошле на власт и за чии интереси треба да работат.

Учењата за поделбата на власта, постоеле уште во антиката. Теориите од антиката во Новиот век послужиле како подлога за создавање на модерните демократски управувања. Од тие учења најпознато е она на францускиот филозоф Монтескје, за поделбата на 3 дела: законодавна, извршна и судска власт. Ваквата организација на власта има предности во однос на т.н. единствена власт. Без поделба на власта, не е можна „правна држава“.

## КАКО Е ПОДЕЛЕНА ВЛАСТА ВО НАШАТА ДРЖАВА?

Според Уставот на Република Северна Македонија, власта во нашата држава е поделена на: законодавна, извршна и судска. Со ваквата поделба се воспоставува контрола и рамнотежа. Поделбата на власта е суштински елемент на владеењето на правото кое е загарантирано со Уставот на нашата држава. Носител на законодавната власт е Собранието, носители на извршната власт се Владата на Република Северна Македонија и Претседателот на Републиката, а носители на судската власт се судовите.

## ЗАКОНОДАВНА ВЛАСТ

Оваа власт ги донесува законите. Носител на оваа власт е **Собранието**. Тоа се определува како претставнички орган на граѓаните. Затоа што на парламентарни избори граѓаните го бираат составот на Собранието на секои четири години. Избраните претставници во Собранието се нарекуваат пратеници. Бројот на пратениците може да се движи од 120 до 140 пратеници. Освен што ги носи законите, негова надлежност е и да го надгледува нивното спроведување. Надлежностите на Собранието и основните правила за неговото функционирање, се дадени во Уставот. Собранието има надлежност да го носи и менува и Уставот. Исто така, Собранието ја избира извршната власт, па затоа Владата одговара пред пратениците за својата работа. Ова е еден од начините за меѓусебна контрола на работата на различните власти. Собранието го избира и Народниот правобранител. Освен овие, има и други надлежности: го донесува републичкиот буџет, ги утврдува јавните давачки, одлучува за војна и мир и многу други.

Владеењето на кралевите и императорите бил стариот стил на владеење.



*Кога сите функции би биле дадени на еден човек или еден државен орган, тој човек или орган станува семоќен. Таквата состојба, Монтескје, ја нарекува тиранија.*



*Уставот е највисок правен акт на една држава. За разлика од законите што се многубројни, Уставот е еден.*



Сакам со својата моќ да допринесете за општо добро на Р.С.Македонија

*Со Собранието на Р.С.М. раководи Претседателот на Собрание*



*Носители на извршната власт во нашата држава се Владата на Република Северна Македонија и Претседателот на Република Северна Македонија*

*Кој може да биде Претседател на Република Македонија?*

Во нашата држава, на општите и непосредни претседателски избори може да биде избиран кандидат што претходно го поддржале:

- 10.000 граѓани, или
- 30 пратеници.

Едно лице може да биде биде избрано за Претседател на државата најмногу два пати.

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Носител на извршната власт во нашата држава е **Владата**. Таа е задолжена да ги предложува и **спроведува** законите и другите прописи. Нејзините овластувања се определени со Уставот. Владата ја сочинуваат Претседателот на Владата и министрите, како нејзини членови, кои раководат со министерствата. Министрите раководат со одредени ресори (области).

На пример, сите работи што се однесуваат на буџетот, даноците, државните заеми и кредити, банкарството и другите финансиски работи, се сметаат за една област.

Поради тоа, тие се во надлежност на Министерството за финансии. Владата ја организира работата на министерствата и другите органи на управата и ја надгледува нивната работа. Таа има надлежност да признава држави и влади, воспоставува дипломатски и конзуларни односи со други држави итн. Ова се само некои од надлежностите.

## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Како орган, **Претседателот** на државата се разликува од останатите државни органи по тоа што секогаш е претставуван од едно лице кое се избира на секои пет години. Тој ја претставува државата во земјата и странство. Истовремено е и врховен командант на вооружените сили и претседава со Советот за безбедност. Претседателот ги потпишува сите закони што ги донесува Собранието на Р.С. Македонија. Неговото влијание врз Собранието уште повеќе доаѓа до израз во правото да не го потпише указот за прогласување на некој закон што го донело Собранието.

## ЕДИНИЦИ НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

Носителите на законодавната, извршната и судската власт во нашата држава се централни органи. Тоа значи дека само тие имаат власт на целата територија на државата. Меѓутоа, за подобро и поефикасно остварување на државната власт, државата е поделена на повеќе единици на **локална самоуправа** (општини).

## СУДСКА ВЛАСТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Судската власт ја извршуваат **судовите**. Прекршувањата на правилата и споровите меѓу луѓето секогаш постоеле и ќе постојат, а судот е органот што одлучува за правдата во таквите ситуации. Тие се надлежни, применувајќи ги законите, да кажат што е праведно и на чија страна е вистината. Во вршењето на својата функција, судовите се самостојни и независни. Притоа, тие треба да пресудуваат објективно и правично.

Судската власт ја вршат основните судови, апелационите судови, Управниот суд и Врховниот суд на Република Македонија.

**Основните судови** се првостепени и се основаат на подрачјето на една или повеќе општини. Тие решаваат за кривични дела, стопански спорови, за спорови од лични, семејни, работни, имотни и други граѓанско-правни односи.

**Апелационите судови** се второстепени судови во Република Северна Македонија. Се формираат на територијата на повеќе основни судови. Четирите апелациони судови се наоѓаат во Скопје, Битола, Штип и Гостивар. Тие се надлежни да решаваат по однос на жалбите против одлуките на основните судови. **Управниот суд** е надлежен да решава против поединечни акти на органите на државната управа, како и да ја утврдува нивната законитост. **Врховниот суд** е највисок суд во Република Македонија. Неговото седиште е во Скопје. Тој одлучува по жалбите против одлуките на апелационите судови.

## НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ (ОМБУДСМАН)

Секогаш кога мислиш дека некое твое право е повредено од страна на кој и да е носител на јавна функција или вработен во државен орган во сите области на општествениот живот, можеш да се обратиш кај **Народниот правобранител**.

Можеш да му се обратиш: лично, телефонски или преку е-пошта и да се договориш за средба во одреден приемен ден. Твоето барање, кое законски се вика *претставка од граѓанин*, народниот правобранител може да го одбие  или да го прифати. Ако констатира дека твоето право е повредено, може да преземе соодветни мерки.



*Во правната држава важи начелото „Секој е невин се додека не се докаже неговата вина“. Како ќе го објасните ова начело?*




*Целта на воспоставувањето на новата државна функција била заштита на граѓаните од самоволието на претставниците на власта. Со тоа, омбудсманот станува институција што го штити правниот поредок, правната држава и владеењето на правото.*

## ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ

**Активност 1:**

Користи го Уставот на Р.С.Македонија и истражувај за надлежностите на Власта и поврзи ги со соодветната гранка на власт.

**Носење на буџет на државата**

**Воспоставување на дипломатски и конзуларни односи**

**Признавање на влади**

**Одлука за војна или мир**

**Носење на закон**

**Законодавна власт**

**Извршна власт**

**Судска власт**

**Активност 2:**

Граѓанинот Илија Попов, бил запрен од полицијата на влезот во градот. При „информативниот" разговор, полицајците употребиле и физичка сила, со што ги пречекориле своите службени овластувања.

- Како би реагирал доколку ти се случи горенаведената ситуација?
- На кој државен орган би се обратил доколку некое твое право е прекршено?

## АКТИВНОСТИ ЗА КРИТИЧКО РАЗМИСЛУВАЊЕ И РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИ

**Активност 1:**

За само 10 месеца треба да се одржат претседателските избори. Марија пред 10 дена наполни 39 години и е магистер по економија. Таа е жител на државата 15 години и има желба да се кандидира на изборите.

- Помогнете ѝ на Марија да открие дали ги задоволува условите за кандидирање на изборите! Ако не ги задоволува, кои се тие услови?
- Дали таа ќе може за 10 месеца да промени нешто и да се кандидира?

**Активност 2:**

Пластичните производи кои не се биоразградливи, ја загрозуваат животната средина. Треба целосно да се исфрлат од употреба и производство.

Од веќе наученото, напиши кои чекори ќе ги преземеш за да иницираш да се донесе како закон овој предлог. Кој треба да го донесе? Доколку е изгласан, дали Претседателот на државата може да не го потпише указот за прогласување на овој закон? Што понатаму?

**Активност 3:**

Истражувај користејќи го Уставот на Република Северна Македонија!

Може ли министерот за земјоделие да предложи закон до Собранието на Република Северна Македонија?

## ПРАШАЊА ОД ТЕМАТА:

- Која е разликата помеѓу држава и општество?
- Како се стекнува власта во демократското општество?
- Наброј видови на недемократски уредувања. Зошто некои држави се сметаат за недемократски општества? Која држава ќе ја посочиш како таков пример денес и поради кои карактеристики?
- Дали денес постојат монархии кои се демократски?
- Како можат да влијаат граѓаните врз власта во граѓанското општество?
- Зошто ни е потребна власт? Објасни што е легитимна власт. Наведи ги постапките за спроведување на фер избори.
- Зошто е потребна поделба на власта?
- Кој е носител на законодавната власт во Република Северна Македонија?
- Кој е носител на извршната власт во Република Северна Македонија? Доколку Владата се меша во одлуките и работата на судот, што ќе се случи?
- Кој е носител на судската власт во Република Северна Македонија?
- Колку врховни суда има во Република Северна Македонија?
- Која е улогата на Народниот правобранител?
- Каква одговорност и задачи има Собранието на Република Северна Македонија според Уставот?
- Наведи неколку причини поради кои граѓаните се обраќаат до Народниот праобранител.

## ПОИМИ

**Државно уредување** – начин на организација на држава;

**Легитимна власт** – кога власта е одобрена и избрана од народот;

**Устав** - највисок правен акт на една држава;

**Собрание** - претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт во Република Северна Македонија;

**Влада** - највисок колективен орган на извршната власт на една држава;

**Суд** - државен орган што разгледува граѓански и кривични спорови;

**Народен правобранител** - лице чија функција е да ги брани правата на граѓанинот коишто се повредени од јавната власт.

# ГРАЃАНИНОТ И СВЕТОТ

• МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ
• РСМ И МЕЃУНАРОДНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

## ПРЕГЛЕД НА ТЕМАТА

По завршувањето на оваа тема ќе се оспособиш да:

- ги препознаваш придобивките од учеството во меѓународните организации во однос на човековите права, мирот и развојот на демократските вредности во светот;
- наведуваш конкретни примери или активности со кои би се заштитиле правата на детето со меѓународните документи;
- наведуваш конкретни придобивки од дејствувањето на меѓународните организации во Р.С. Македонија;
- го согледуваш придонесот на Р.С. Македонија во меѓународните мировни мисии;
- ги посочуваш конкретните придобивки за училиштето од активностите иницирани од страна на меѓународните организации.



# TEMA 6






# МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ

*Именувајте еден од главните проблеми со кои се соочува светот денес.*
*Дали знаете некои организации кои се грижат за разрешување на овие проблеми?*



*Глобализацијата е здружување на културите во светот и зголемување на свеста за светот како целина*

## ГЛОБАЛИЗАЦИЈА

Секојдневно воспоставуваме најразлични врски со светот. Покрај личните врски помеѓу луѓето, постојат и врски помеѓу државите. Кога одредени односи на взаемност и меѓузависност, ќе се воспостават на светско ниво, станува збор за **глобализација**. Денес светот е поповрзан од кога било во историјата на човештвото. Средствата за масовна комуникација кои ги спомнавме во претходната тема, како и брзите транспортни средства, влијаат на „смалувањето на светот". Во тој контекст се вели дека Земјата денес претставува едно „глобално село". Пример, доколку нашето другарче живее на другата страна на светот, во моментот можеме да го исконтактираме.

## АЈДЕ ДА ОТКРИЕМЕ ШТО СЕ МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Прво, ако **организација** значи група луѓе, бизниси и влади кои работат заедно за постигање на заедничка цел, а **меѓународни** - помеѓу различни земји/нации, лесно е да дефинираме што е **меѓународна организација**. *Меѓународната организација* – вклучува влади или луѓе од различни земји (или нивните граѓани) кои работат заедно за да решат прашање кое ги преминува границите на земјата. Постигањата преку границите е она што ги прави „меѓународни" . Меѓународните организации се формирани со цел да се оствари подобар начин да се работи заеднички меѓу

државите и поефикасно да се решат многу прашања. Меѓународната соработка е, всушност, резултат на потребата за зачувување на мирот и безбедноста во сите држави во светот, неопходност од размена на ресурси, научни и технолошки откритија, економска и друга соработка меѓу државите.

Државите честопати се соочуваат со тешки проблеми. На пример, во 1963 година се случил голем земјотрес во Скопје. Уништувањето, предизвикано од земјотресот, било големо за да може земјата сама да се справи, па затоа другите земји испратиле храна, вода, медицински материјали и луѓе за да помогнат.

Постојат и други проблеми кои се однесуваат на повеќе држави. На пример, климатските промени, загадувањето и трговијата. Затоа тие често разговараат едни со други за овие прашања. Претставниците на владите од некои земји се состануваат и се обидуваат да работат надвор од границите за да се справат со заедничките проблеми. Придобивките кои ги носи меѓународната соработка се многубројни. Пред сè, државите може да ги постигнат своите цели кои инаку не би можеле да ги остварат сами. Исто така, преку развојот на позитивни меѓународни односи, државите можат да наоѓаат различни решенија за своите проблеми, како и да ги решаваат проблемите што се заеднички за повеќе држави.

За да се избегнат конфликтите и да се приближат интересите, формирани се многу **меѓународни организации** што дејствуваат во различни области.



*Помош за децата од страна на меѓународна организација*



*Седиштето на ООН во Њујорк*

Постојат *два главни вида* на *меѓународни организации*.

### Интервладини меѓународни организации

Тоа се организации што се формираат помеѓу владите на државите. Тие се засноваат помеѓу три или повеќе земји кои се здружуваат за да си помогнат во одбрана од противничките закани или, пак, може да се здружат на пример, за решавање на еколошки проблеми.

Дали секоја меѓувладина организација е и меѓународна организација? Да, но, сепак имаме и невладини организации кои се меѓународни.

### Интерневладини меѓународни организации

Овие меѓународни оргаизации се малку поинакви од оние кои веќе ги научивме. И двете се видови на меѓународни организации, бидејќи вклучуваат нации кои работат заедно за решавање на глобалните проблеми. Но, невладините организации не се поврзани со владите на ниту една нација. Поради тоа, тие се независни од контролата на владата. Тие, обично, се управувани од приватни граѓани или бизниси, и честопати




*ОБСЕ ги поддржува напорите на Р.С. Македонија за демократски развој и напредок на домашен и меѓународен план*




*Почеток на кампањата спроведена од УНИЦЕФ „На секое дете му треба семејство“*



*Амблем на Федерацијата на Црвениот крст и Црвената полумесечина*

се волонтерски.

Според друг начин на класификација, меѓународните организации може да се поделат во две поголеми групи – универзални и регионални. *Универзалните* имаат тенденција да ги опфатат сите постојни држави, додека пак, *регионалните* ги опфаќаат државите од еден регион.

**Организацијата на Обединетите нации** (ООН) е една од првите универзални меѓународни организации. Основана по крајот на Втората светска војна, во 1945 година, оваа организација е наследничка на Друштвото на народите. Нејзината главна цел е да се промовира меѓународната соработка и да се избегнат идните светски војни. ОН испраќа мировни сили во проблематичните делови на светот за да ги спроведат мировните договори. Таа промовира и поттикнува почитување на човековите права низ целиот свет.

Генералното собрание на ООН е главното тело на организацијата. Во составот на ООН функционираат различни тела меѓу кои и **Меѓународен фонд за деца при Обединетите нации (УНИЦЕФ**). Основна задача на УНИЦЕФ е да се грижи за правата на детето. Тоа може да се оствари преку активности за обезбедување на основни услови за живот на децата, заштита на здравјето на децата, квалитетно образование и друго.

***Ти, твоето семејство или некој друг, значи секој може да придонесе за УНИЦЕФ***

**Организацијата за безбедност и соработка на Европа (ОБСЕ)** е создадена во 1975 година. Нејзината улога е насочена кон безбедносни прашања, сигурност и стабилизација на регионот на Европа, а подоцна и пошироко, со помош на демократски средства и демократско владеење.

**Северноатлантската алијанса (НАТО)** е воено-политичка организација создадена во 1949 година од страна на САД и нејзините сојузници во Европа. Во НАТО членуваат држави од Европа и Северна Америка со цел да се обезбеди политичка и безбедносна соработка меѓу државите членки.

**Федерацијата на Црвениот крст и Црвената полумесечина** е хуманитарна организација која работи на спречување и ублажување на човековото страдање, заштита на животот и здравјето, унапредување на социјалната состојба, обезбедувајќи почит и достоинство за човековото битие, а особено во случај

на несреќи и катастрофи, го промовира меѓународното хуманитарно право и хуманите вредности, поттикнува доброволно ангажирање и постојана подготвеност за давање помош, како и универзално чувство за солидарност и хуманост. Оваа НВО има мисија да го заштити животот и здравјето на луѓето ширум светот. 97 милиони работници и волонтери го поддржуваат Црвениот крст.

*Првата меѓународна организација е Навигација на Рајна, создадена во 1815 од Виенскиот конгрес.*

## ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ

**Активност 1:**

Истражувајте на интернет или прашајте ги постарите за случувањата во Скопје по земјотресот (1963) и направете приказна на тема: „Како се изградило Скопје по земјотресот“. Приказната може да ја прикажете со Power point - презентација, краток филм, интервју или сторија.

Што мислите, каква помош и придобивка имале граѓаните и градот Скопје од меѓународните организации?

**Активност 2:**

Запознајте се со работата на Црвен крст во вашето училиште и напишете во какви активности на Црвениот крст сте учествувале како училиште.

Прашајте дали работи Организацијата на подмладокот на Црвениот Крст во вашето училиште?

Кои нови идеи може да ги сугерирате за организирање на хуманитарна акција? Предложете план за спроведување на хуманитарна акција за некого кому му е неопходна помош.



# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И МЕЃУНАРОДНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

*Р.С. Македонија членува во повеќе меѓународни организации и асоцијации и воспоставува дипломатски односи со повеќе земји*

Нашата држава преку соработка со други држави и меѓународни организации побрзо се развива, подобро комуницира и тргува, станува побезбедна и подобро се грижи за своите граѓани. Постојат повеќе начини на коишто меѓународните организации соработуваат и им даваат поддршка на државите членки.

На пример, меѓународните организации донесуваат најразлични договори, одлуки и регулативи коишто државите ги преземаат во нивното законодавство за да се регулираат подобро одредени прашања од општественото живеење.

**Повелбата на Обединетите Нации** е основачкиот договор за формирање на Обединетите Нации. Нашата држава, со зачленувањето во Организацијата на Обединетите нации (ООН) на 8 април 1993 година, стана членка на сите специјализирани агенции, програми и фондови од системот на ООН. Република Северна Македонија има постојан позитивен и активен однос кон ООН и во рамките на своите можности и учествува во работата на организацијата.

**УНИЦЕФ** е основан од страна на ООН пред повеќе од седумдесет години со цел спасување на детските животи, одбрана на детските права и остварување на потенцијалот на децата. Всушност, првата пратка на УНИЦЕФ, во август 1947 година, била токму за децата во нашата земја кога таа беше дел од Југославија. Во 1993 година, УНИЦЕФ е една од првите две агенции на ООН која отвори канцеларија во земјата откако таа стана независна држава. На почетокот обезбедила итна помош за децата-бегалци од босанската криза. Децениите на соработка при развојот на земјата и во време на криза внесоа само позитивна промена за генерации деца. Секојдневно спроведува активности значајни за унапредување на човековите права.

На пример, одржаната крводарителска акција, организирана во соработка со Црвен крст, како и хуманитарениот настан „Сите сме суперхерои“, во организација на Здружението на граѓани „Иновативни Мотиватори – ЈАС СУМ“, во соработка со

Здружението за Дислексија „Ајнштајн“ и Центарот за младински активизам „КРИК“.

На хуманитарниот настан, меѓу другото, беше поставена продажна изложба со дела на тема: „Биди Суперхерој“, творени од дечиња на Креативна ликовна работилница, реализирана со помош на студенти од Факултетот за ликовна уметност и студенти од Институтот за специјална едукација и рехабилитација при Филозофскиот факултет во Скопје. Средствата беа донирани за децата од Детската клиника во Скопје.

**Црвениот крст** на Република Северна Македонија е формиран на 17 март 1945 година, а самостојно дејствува и работи како национално друштво од 21 мај 1992 година. Во 1995 година стана полноправен член на Меѓународната федерација на Црвениот крст и Црвената полумесечина. Тој е фокусиран на хуманитарна помош и соработка. Придонесува за спречување и ублажување на човековото страдање, заштита на животот и здравјето. Спроведува волонтерски активности заради давање помош, особено во случај на несреќи од секаков вид.

Соработката со меѓународните организации може да биде и во насока на зајакнување на безбедноста на државата.

**Партнерство за мир (ПзМ)** е програма на **НАТО.**

Република Северна Македонија го направи првиот чекор кон интеграција кога стана членка на ПзМ на 15 ноември 1995 година. ПзМ е процес кој ги здружува НАТО - сојузниците и земјите партнери во широка програма на заедничка одбрана и одбранбени активности. Во март 2020 година, нашата земја стана полноправна членка на најголемата воено политичка алијанса во светот - НАТО. Оваа организација е посветена на воспоставувањето поголема безбедност, демократија и човекови права насекаде во светот. Членството во НАТО е клучно за стабилност и благосостојба на заедницата и на поширокиот регион. Влезот во НАТО е клучен фактор што може да ги забрза евроинтегративните процеси, а со тоа и да го забрза финансискиот и демократскиот развој на нашата земја. Интеграцијата во НАТО треба да има позитивно влијание врз развојот на инфраструктурата.



*Тимовите на Црвениот крст на Р.С.М. се вклучија во помош и поддршка на настраданото население од поплавите*



*На 12 април 2019 година, Белгискиот Совет на министри го одобри предлог-законот за пристапувањето на Р С Македонија во НАТО*



*Мапа на земјите членки на НАТО*

*Република Северна Македонија стана 30-та членка на НАТО*

Да се градат нови патишта, железници, комуникациски и енергетски системи. Покрај тоа, членството во НАТО може да влијае позитивно и врз други сектори како што се информатичката и телекомуникациската индустрија, туризмот и образованието.

Со приклучувањето на нашата држава кон меѓународните оргазнизации, нашите граѓаните стануваат и граѓани на светот.



*Меѓународниот суд за правда е главниот судски орган на Обединетите Нации. Главна функција на овој суд е решавање на правни парници поднесени од државите и доделување правни совети поднесени од страна на меѓународно овластени органи и агенции.*

Нашата земја, исто така, е кандидат за членство во Европската унија. Клучните цели на ЕУ се: унапредување на мирот, воспоставување на заедничка зона на слобода, безбедност и правда, воспоставување заеднички внатрешен пазар и зајакнување на солидарноста меѓу нејзините членки.

## ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ

**Активност 1:**

Користете ја официјалната веб-страница на УНИЦЕФ на РСМ: https://www.unicef.org/northmacedonia/mk и истражувајте на кој начин УНИЦЕФ придонесува во нашата земја или директно контактирајте ја националната канцеларија на УНИЦЕФ! Претходно подгответе прашалник за да спроведете интервју со некои од одговорните лица на националната канцеларија на УНИЦЕФ.

- Преку подготвеното интервју откријте:

  Како можете да се вклучите во УНИЦЕФ?

  Кои се придобивките од активностите што ги спроведува УНИЦЕФ?

  Зошто треба да бидете дел од оваа организација?

  Какви активности презема УНИЦЕФ?

**Активност 2:**

- Направете интервју со наставници/стручна служба во однос на придобивките на вашето училиште од учество на меѓународни организации (проекти и програми – на пример: ЕРАСМУС+). Прашањата може да вклучат: 1) како меѓународните програми помогнале да се развива училиштето, 2) дали некоја организација помогнала да се подобрат инфраструктурните услови во училиштето, 3) дали наставниците имале можност да посетуваат дополнителна обука итн.

## АКТИВНОСТИ ЗА КРИТИЧКО РАЗМИСЛУВАЊЕ И РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИ

**Активност 1:**

- Дебата на тема: Зошто ✔ДА и зошто ✖ПРОТИВ членување во Меѓународните организации. Наведи аргументи и брани ја страната која ја избра.

**Активност 2:**

На веб-страницата на УНИЦЕФ: https://www.unicef.org/northmacedonia/mk, во делот: Гласот на младите - можете да најдете како другите млади лица се вклучени во оваа организација, за да научите за темите кои влијаат на младите лица.

Проучете, некој пример, за волонтирање или стажирање! Дебатирајте на тема: „Можам/Не можам да дадам придонес за детските права ако се вклучам во волонтерските активности на УНИЦЕФ".

Изнесете аргументи!

**Активност 3:**

Истражете кои претставништва на меѓународни организации се наоѓаат во нашата држава! Потоа, поделете се во групи и изберете една од овие организации и истражете кои активности ги спровела во изминатата година. Презентирајте ги наодите пред другите соученици. Истражете објекти или природни средини што се наоѓаат во нашата држава и се заштитени од УНЕСКО. Потоа поделете се во групи и изберете еден локалитет или природна средина заштитена од УНЕСКО и истражете кои активности се преземени за заштита. Презентирајте ги наодите пред другите соученици.

## ПРАШАЊА ОД ТЕМАТА:

- Што означува поимот глобализација?
- Наброј неколку меѓународни организации.

  Кои се предностите од учеството во меѓународните организации, а кои се недостатоците?
- Определи кои од веќе изучените меѓународни организации се интервладини меѓународни организации.
- Наведи ги целите на УНИЦЕФ. Образложи, зошто членувањето на РСМ во УНИЦЕФ е потребно и кој има придобивки?
- Дали РСМ е поврзана со некои меѓународни организации?
- Наброј неколку активности кои се спроведуваат од страна на Црвен крст.
- Каква ќе биде предноста за граѓаните на РСМ со вклучување во НАТО и ЕУ во однос на сегашната состојба?

  Зошто според Вас е потребно РСМ да стане членка на НАТО и ЕУ?
- Кога и со која активност вашето училиште било поддржано од некоја меѓународна организација? Кој имаше придобивки од таа активност?

## ПОИМИ

**Меѓународна заедница** - влади или луѓе од различни земји (или нивните граѓани) кои работат заедно за да решат прашање кое ги преминува границите на земјата;

**Глобализација** - меѓусебно поврзување на целиот свет;

**ООН** - Организација на Обединетите нации-меѓународна организација;

**ОБСЕ** -Организација за безбедност и соработка на Европа;

**НАТО** - Северноатлантската алијанса - меѓународна безбедносна организација;

**Повелба на ООН** - основачки договор за формирање на Обединетите Нации.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


[1] Атанасов, П., Мултикултурализмот како теорија, политика и пракса, Скопје: Евро Балкан Пресс, 2003.

[2] Академија за судии и јавни обвинители, Достапно на: http://www.jpacademy.gov.mk6

[3] A Handbook for Teachers, Cultural Heritage and Cultural Diversity Lessons, 2012.

[4] Бајалџиев, Д., Вовед во правото, Скопје: Академски печат, 2007.

[5] Бајалџиев, Д., Развиток на политичкиот и правниот систем на Република Македонија. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј" , Правен Факултет, 2000.

[6] Bäckman, E., Bernard, T., Demokratsko upravljanjev školama, Council of Europe Publishing, 2007.

[7] Божовиќ, С., Анастасовска. И., Учиме право, учебник за граѓански и политички слободи и права, Скопје: Младински образовен форум, 2015.

[8] Валдерсон, Г., Натали Х.С., Меѓународни институции и институции на заедницата, Скопје: Конгресен сервисен центар, 2006.

[9] Visnjic, F., Monteskie: O duhu zakona, Tom I i II, Beograd, 1989.

[10] Gomien, D., Краток водич низ Европската конвенција за човекови права (Short Guide To The European Convention Of Human Rights)", Македонска верзија, Совет на Европа, Стразбург, (1991).

[11] Граѓанско образование за VIII одделение: водич за ученици, Скопје: Македонски центар за граѓанско образование, 2019.

[12] Грир, С., Европска конвенција за човекови права, Скопје: Просветно дело, 2009.

[13] Додовски, И., Мултикултурализмот во Македонија: модел во настанување, Скопје: Фондација Институт Отворено Општество, 2005.

[14] EU institutions and other bodies, Достапно на: http://europa.eu/institutions/index_en.htm;3.

[15] International Federation of Journalists. „Putting Children in the Right", 2002, Достапно на: www.unicef.org/magic/resources/Childrights and media coverage.pdf.

[16] International Federation of Journalists. „Children's Rights and Media", Guidelines and Principles for Reporting Involving, 1998.

[17] Клековски, С., Кржаловски, А., Јаковлевска, А. Г., Општествена одговорност на Граѓаните, Македонски центар за меѓународна соработка, 2008.

[18] Lončarić-Jelačić, N., Ogrinšak, T., Основи на демократијата. Загреб,2010.

[19] Митрова, К, Низамовски, Д., Поповска, Т., и др., Реализација на наставата по граѓанско образование во основните училишта – Извештај од испитувањето, Македонски центар за граѓанско образование, 2016.

[20] Петроска-Бешка, В., Најчевска, М., Николина, К., и др., Студија за мултикултурализмот и меѓуетничките односи во образованието, Скопје: Канцеларија на УНИЦЕФ, 2009.

[21] Организација на обединетите нации (ООН). Универзалната декларација за човекови права, 1948, Достапно на: http://www.un.org/en/universal-declaration-human-rights/.

[22] Pavičevič, V., Sociologija religije-sa elementima filozofije religije, Beograd: BIGZ, 1986.

[23] Information all eaflet for the citizens of the European Union. Достапно на: ed.www.europaforum.lu.

[24] Пачек-Баља, С.,Рогинек, Н., Стојичевич, и др.., Теорија на праведност, Скопје: Слово, 2002.

[25] Петрески,В., Маглешов,В., Митревска, А.Т.,Ѓонеска, Б., Прирачник за неформално образование за медиумска писменост, Скопје: Фондација за интернет и општество Метаморфозис, 2019.

[26] Роулс, Х., Теорија на праведноста, Скопје: Слово, 2002.

[27] Стојановски, С., Граѓанско општество, Штип, 2018.

[28] Ташева, М., Етничките групи во земјата - современи состојби, Скопје: Филозофски факултет, 1997.

[29] Трајансовски, Ж., Чаусидис, Т., Беличанец, Р., Медиумите, говорот на омраза и маргинализираните заедници, Скопје,2013.

[30] Трајковски, И., Граѓанско содружништво, Скопје: ГОЦМАР, 1997.

[31] Темков, К., Поповска, Б., Етика Учебник за II година, 2013.

[32] The European Union On-Line, Достапно на: http://europa.eu/index.htm.

[33] Treaty of Nice, Official Journal of the European Communitie,2001.

[34] UNICEF. Principles for Ethical Reporting on Children, Достапно на: http://www.unicef.org/media/media tools guidelines.htm.

[35] UN International Convention on the Elimination of All of Racial Discrimination, 1966.

[36] Устав на Република Македонија, Службен весник на РМ, 52/1991.

[37] Civil society Collins English Dictionary, Complete & Unabridged 11th Edition.

[38] Retrieved 2nd August 2012 from Collins Dictionary.com website: http://www.collinsdictionary.com/dictionary/english/civil-society.

[39] Човековите права како демократска вредност - Te drejtat e njeriut si vlere Demokratike, Фондација Фридрих Еберт, 2003.

[40] Џордан, Г., Ведон, К., Културна политика, Скопје: Темплум, 1999.

[41] Шкариќ, С., Силјановска–Давкова, Г., Уставно право, Скопје: Култура, 2009.

[42] Шопар, В., Теменугова, А., Аксентиевска, М., Медиумската писменост во Македонија, Скопје: Македонски институт за медиуми, 2010.

[43] Štefan, J., Priručnik aktivnih metoda za građanski odgoj i obrazovanje s primjerima dobre prakse, Zagreb: Hrvatski centar za dramski odgoj, 2017.